# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 февруари 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Абдулади Вејсели, Иван Анастасовски, Неждет Мустафа, Трифун Костовски, Соња Лепиткова, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубчо Георгиевски, Михајло Георгиевски, Ристо Пејовски, Али Ахмети, Хусен Џеват-Хусеини, Теута Арифи, Мехдух Тачи, Славица Станковска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата и Спиро Мавровски го нема, и тој ми се најави. Значи и  Спиро Мавровски ќе биде утсутен денеска.

Продолжуваме со 12-та точка од дневниот ред- **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон.**

Општиот претрес по предлогот за донесување на законот е заклучен. Сега треба да пристапиме кон гласање на Заклучокот.

Ги молам сите пратеници кои се во Парламентотда влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 42 гласале за, 3 воздржани, и 5 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница  да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 50 гласале за, 3 воздржани, 1 против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Чедомир Кралевски и Жарко Караџоски поднесоа амандмани за менување на член 1 и за менување на член 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член ж, поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за локална самоуправа.

Повелете госпоѓа Алтанџиева.

**Тања Алтанџиева:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Кој бара збор?

Повелете господине Краљевски, имате збор.

**ЧедомирКраљевски:**Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Јас би сакал да дадам кратко образложение и да се обидам да ги убедам пратениците да го дадат својот глас за амандманот, бидејќи предложениот мандман мислам дека ќе ја реши оваа, на изглед во моментот нерешлива состојба што егзистира на териториите на општините  Чешиново и Облешево.

Јас почитуван претседателе би сакал, во врска со првиот амандман да дадам образложение кое ќе се однесува и на вториот амандман и не би одзел време да образлагам во врска со вториот амандман, бидејќи тие два амандмани се лигично поврзани.

Амандманите поднесени од мене и колегата Жарко Караџоски во суштина значат законско нормирање на статусот. Тоа заради јавноста да си знае што претставуваат амандманите. Тие во суштина значат законско нормирање на статусот на општините Чешиново и Облешево, како посебни, самостојни општини, каков што статус овие две општини имаат пред донесувањето на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Закон донесен во минатата година. На тој начин се враќа веќе стекнатото право на граѓаните од општина Чешиново и од општина Облешево, да се организираат и целокупниот заеднички живот во општините да го сведат на стекнатото право од пред донесувањето на Законот за територијална организација на општините во Република Македонија.

Ставајќи потпис на овие два амандмани, сакав само на еден прагматичен и принципиелен начин да придонесам за да се разреши еден горлив и реален проблем во Република Македонија, кој проблем детално го образложија говорниците во вчерашната дебата.

Ако законите се носат во интерес на граѓаните и истите се во функција на разрешување или решавање на одредени постојни општествени проблеми, тогаш убеден сум дека поднесените амандмани се во правец на овие цели и

кореспондираат со интересите на граѓаните и на општина Чешиново и на општина Облешево.

Сметам дека во оваа состојба на настаните во Чешиново и Облешево, не целисходно е повикување на одредени формалности и претпоставки, бидејќи изгледа дека таквите аргументации немаат крај и не водат кон позитивен исход. Напротив, сметам дека со еден одлучен и прагматичен потег, во стилот на разврската на Гордиевиот јазол, проблемот моментално се решава на задоволство на сите граѓани од 14-те населени места на општина Чешиново и општина Облешево. Во случајот таквиот потег е прифаќање на предложените амандмани од страна на претставникот на Министерството за локална самоуправа односно претставникот на Владата, или пак прифаќање на амандманите од потребното парламентарно мнозинство.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Краљевски.

Збор има, по амандманот господинот Ванчо Стаменков, па потоа Блаже Стојановски.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас сега доаѓам од Кочани, од таму каде се проблемите.

Очигледно е дека се нема волја да се решат проблемите во оваа држава. Јас не можам да го сватам тоа, упорно да се оди во правец на продлабочување на проблемите, не на нивно решавање.

Со овој амандман се решаваат проблемите што ги имаме ние веќе скоро еден месец таму. Ние имаме блокада на целото стопанство во Источна Македонија. Бизнисмените не можат да остварат контакти со своите партнери, не можат да испорачуваат стока, граѓаните не можат да си ги остварат правата загарантирани со Уставот. Едноставно се оди во правец на зголемување на тензиите и проблемите.Што луѓе бевме ние во оваа држава, така да се однесуваме, игнорански и едноставно овие проблеми не ги исполнуваме. Од страна на малото стопанство или приватниците постои едно самоорганизирање за да ги тргнат блокадите. Можеби денес ќе има и жртви таму на патот. Вие не превземате ништо.

Јас немам повеќе да зборувам, едноставно ќе прекинам тука. Вие продолжете само така. Одговорноста ваша ќе биде. И ние ќе ја побараме таа одговорност.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојановски имате збор.

**Блаже Стојановски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека овој амандман претставува најразумно решение во овој момент. Ние можеби доволно кажуваме и во текот на расправата при донесувањето на Законот за територијална организација на општините во Република Македонија и по однос на сите оние амандмани кои беа поднесени по тој Закон и уште тогаш проблемот почна да се појавува.

Клучниот проблем, како едно потсетување, се појави со тоа што жителите на Облешево не прифаќаат седиштето на општината да биде во Чешиново. Тогаш исто така имаше блокади на патиштата и тогаш зборувавме дека тое е еден проблем кој што е маргинален, во контекст на останатите проблеми кои беа предизвикани со донесувањето на Законот за територијална организација, во контекст на окрупнувањето на општините Струга, Кичево и двојазичноста на Скопје. Тогаш, во тој период, можеби власта имаше интерес од појавувањето на овој проблем, од истакнувањето на овој проблем затоа што на тој начин јавноста можеше да се занимава со нешто што претставуваше помалку значајно за Владата одколку прашањата кои се однесуваат на општините во западна Македонија. Меѓутоа, иако се укажуваше дека на овој начин и со ваков пристап, коалиционите партнери во Владата на Република Македонија, не можат да го решат, туку напротив создаваа проблем, тие продолжија на истиот начин да се однесуваат. Најпрвин се игнорираше проблемот, се додека не ескалира до употреба на сила од страна на полицијата, во тој период. Потоа се појави еден друг проблем. Владата многу чудно, наеднаш го смени тој став и од општина Чешиново, даде предлог седиштето да се пренесе во Облешево, а факт е дека и општина Чешиново, досегашната општина Чешиново и општината Облешево имаат направено референдуми, ја имаат искажано волјата на граѓаните, имаат кажано дека сакаат да опстојат како посебни општини. Сега, кога зборуваме за опстојувањето на посебни општини, треба да се напомене кои се тие цели што требаше да се постигнат со Законот за територијална организација, а кои се однесуваат конкретно на општината, како што сега се нарекува Чешиново-Облешево или Облешево-Чешиново. Значи со тој Закон за територијалната организација, требаше да обезбеди амбиент за зближување на сите граѓани, за остварување на нивните интереси и права, во единиците на локалната самоуправа. Ако зборуваме дека на овој начин, со ваков пристап кон утврдувањето, на границите на општините Облешево и Чешиново односно создавањето на една општина во која, во рок од само неколку месеци, еднаш се нуди едно решение, тоа се вградува во Законот, потоа се нуди ново решение, па тоа се сака да се вгради во Законот, а сето тоа е пропратено со протести, со малтретирање, со невидени проблеми со кои се соочуваат не само граѓаните на населените места од општините Чешиново и Облешево, туку и сите оние кои го користат патот и кои се насочени кон овој реон.

Втората цел која требаше да биде остварена со овој Закон, тоа е да се создадат општини во кои ќе се врати довербата и соживотот меѓу

граѓаните. Дали сметате дека довербата и соживотот треба да се враќаат само помеѓу различни етнички припадности, припадници на различни етнички заедници, или тоа треба да биде на сите граѓани кои живеат во една општина, независно од нивната етничка и секаква друга припадност. Значи довербата меѓу граѓаните не се враќа на овој начин, се нарушува соживотот кој постоел со векови наназад односно години наназад и правењето на општини кои оптимално треба да одговараат на потребите и традициите на граѓаните и да создадат услови за реализирање на нивните демократски права. Ако демократско право на жителите на една општина е сами да го организираат својот живот, да ги решаваат локалните проблеми со кои се соочуваат, тогаш која е причината вие што ги спојувате општина Чешиново со општина Облешево. Зошто не се прифаќа овој амандман? Тоа е основното прашање на кое ние треба да одговориме овде како Парламент, а по мое мислење една и единствена причина постои за тоа. Постои страв ваквиот начин на однесување да не предизвика однесување и на други места, во други општини во Република Македонија. Тоа е единственото што го имате како ваш аргумент. Значи заради некаков мир, привиден мир, кој треба да произлезе, заради неадекватното донесување на Законот за територијална организација. Вие со ова признавате дека овој закон не беше ништо друго туку само компромис на политичките партии на власт, а не усвоен врз основа на стандардите и принципите кои требаше да бидат направени врз основа на анализа на можностите на секоја општина поединечно, за нејзин опстанок и развој. Значи, сите овие протести, сите овие искажувања на волјата на жителите на овие две општини, укажуваат на едно, а тоа е дека треба да се тргне од реалноста. Од една страна ви е Чешиново и селата кои го поддржуваат опстојувањето на општина Чешиново, а од другата страна ви е Облешево. Кој е начинот да се реши овој проблем. Единствен начин е опстојување на двете општини и организација на животот во тие општини, од страна на нивните жители. Тоа што се прави сега, тоа е наметнување на политичка волја од страна на Владата спрема граѓаните, кои таа волја не ја прифаќаат. Ако зборуваме за остварување на демократски права, тогаш демократските права претпоставуваат почитување на волјата на тие луѓе таму а не почитување на политичката моќ која ја поседува Владата и наметнување решенија врз волјата на граѓаните кои треба да живеат таму и да ги решаваат сите тековни животни проблеми кои ги имаат на ниво на локална самоуправа. Од друга страна, јас не можам да разберам така да ако веќе предлагате некакво решение како што го предлагате со измените на Законот за територијална организација, зошто во тој предлог, во вашето образложение не објасните неколку работи кои ги поставивте и како критериуми, при донесувањето на Законот за територијална органзација.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски општата расправа заврши и немојте да поставувате прашања во врска со Законот во општата расправа, туку зборувајте за амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Зборував за критериуми за опстојување на општина Чешиново и општина Облешево.

**Љупчо Јордановски:** Вие се обраќате до Владата и враќате на општата расправа. Имавте можност тоа вчера да го направите. Ве молам зборувајте за амандманот, како овој амандман ќе ја подобри или ќе ја влоши ситуацијата.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе јас не сакам со вас да полемизирам.

**Љупчо Јордановски:** И не треба. Затоа продолжете со амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Меѓутоа, мора да се прави споредба помеѓу предлогот на Владата и овој амандман за да се види што подобро. Како да зборувам, да зборувам за амандманот, да го прочитам?

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојаноски:** Значи кога се носи одлука и кога треба да се реши одреден проблем кој е евидентен, кој постои, тука нема дилеми, треба да се тргнува од оние принципи и критериуми кои беа искажани од страна на Владата при донесувањето на Законот за територијална организација и тие критериуми дали постојат како можности на конципирање на општина Облешево и општина Чешиново. Тоа е она што треба Владата да го одговори при давањето односно прифаќањето односно неприфаќањето на овој амандман.

Значи, дали општина Чешиново има економска одржливост. Ако има, тогаш исполнува еден од критериумите за да опстане како општина. Дали има доволен број на стопански субјекти кои овозможуваат доволен материјален и институционален развој на оваа општина. Ако има, тогаш исполнува уште еден критериум.

Дали во оваа општина постојат објекти од општествен стандард за да можат да се вршат функциите на таа општина? Постојат, бидејќи таа досега беше општина. Значи, и тој критериум го има.

Дали има инфраструктурна опременост на општинскиот центар, дали има природни географски, историски, културни и еколошки карактеристики на населените места и дали има остварен развој на урбана и месна самоуправаа и дали е достигнат некаков степен на комунален развој?

Јас ќе ве убедам, навистина, ако сакате може и со бројки да разговараме, дека сите овие критериуми ги исполнува општината Чешиново барем толку колку ги исполнува и општината Пласница, на пример. Значи, не можете да кажете дека тој критериум заради овој критериум не може да опстои општината Чешиново.

Од друга страна имате исклучоци од правилото или критериумот кој се однесуваше на бројот на жителите на општините. Еден од примерите го спомнав, тоа е општина Пласница, имате општина Вевчани, имате уште неколку општини.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски ве молам прочитајте го амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Во член 12 став 1 по точката 50 се додава нова точка 50-а која гласи:

**Љупчо Јордановски:** Имате грешка, не е тој амандман.

**Блаже Стојаноски:** Кој амандман?

**Љупчо Јордановски:** Овој сега што го дискутиравме на член 1.

Се извинувам господине Стојановски, ако веќе земете збор дискутирајте и бидете малку поподготвени. Знаете ли за кој амандман сега расправаме?

**Блаже Стојаноски:** Зборуваме за територијалната поставеност.

**Љупчо Јордановски:** Не, јас ве прашувам за кој амандман расправаме сега, прочитајте го амандманот за кој расправаме сега.

**Блаже Стојаноски:** Општина Облешево да опстои како општина Облешево.

**Љупчо Јордановски:** Каде постои овде Чешиново во овој амандман, ве молам?

**Блаже Стојаноски:** Јас да ве прашам како може да опстои општина Облешево ако не опстои општина Чешиново.

**Љупчо Јордановски:** Овде е дали општина Облешево треба да опстои, а немојте да ми зборувате за инфрастуктурните можности на општина Чешиново, овде стриктно се зборува за општина Облешево. Што има општина Облешево за да го потврдите овој амандман, а кога ќе дојдеме на вториот амандман, таму воопшто не е ни за Чешиново, туку се зборува за населени места кои треба да припаднат на општина Облешево. Затоа ве молам држете се до амандманот.

**Блаже Стојаноски:** Добро господине претседателе јас ќе ви ги повторам истите работи, меѓутоа, за општина Облешево.

**Љупчо Јордановски:** Повелете за општина Облешево.

**Блаже Стојаноски:** Значи, општина Облешево како што спомнав во претходната дискусија кога се работеше за Чешиново исто така ги исполнува критериумите кои беа предложени за опстанок како општина во Законот за територијална организација на општините во Република Македонија и тоа се однесува пред се, на економската одржливост на општината Облешево затоа што во целиот период до сега општината Облешево покажа дека може да функционира затоа што има доволно капацитет мислам на економски за да може да опстои како општина.

Понатаму, општината Облешево, имајќи го предвид фактот дека и до сега функционираме како општина, навистина има објекти од општествен стандард кои значат обезбедување на просторни услови и други услови за вршење на функциите на општината и на тој начин овој критериум кој беше поставен од Владата при донесувањето на Законот за територијална организација е исполнет.

Понатаму, инфраструктурната опременост на општинскиот центар, значи на населението место Облешево природните географски, историските, културните и еколошките карактеристики на населените места кои влегуваат во оваа општина, како и остварениот развој на урбаната и месната самоуправа и достигнатиот степен на развој на комуналниот систем, апсолутно значи дека општина Облешево може да опстои како општина и понатаму како и до сега.

Значи, почитувањето на овие критериуми значи пред се исполнување на обврската која ја имаше Владата при донесувањето на Законот за територијална организација, а тоа е дека

критериумите кои се однесуваат на сите овие работи кои ги набројав, а оваа општина ги исполнува и согласно на тоа таа може и треба да опстои како посебна општина.

Како дополнителен аргумент на ова ќе го спомнам и бројот на жители кој се спомнува како ограничувачки фактор во поглед на опстојувањето на општината Облешево. Значи, бројот на жители на општината Облешево не е ништо помал од бројот на жители на општината Вранештица на пример која има околу 2300 жители или со општината Пласница која има околу 4300 жители или со општината Вевчани која има околу 2900 жители.

Значи, ако зборуваме за критериум кој го почитувала а Владата при донесување на Законот за територијална организација и отстапила од тој критериум, односно да има општини и под 5000 жители, тогаш апсолутно не гледам никаква причина опшштина и како последица на тоа и општина Чешиново да си остане посебна општина како и до сега.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да бидат потивки. Се извинувам господине Стојаноски. Еве ќе причекам пет минути тие што сакаат да излезат нека излезат.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Благодарам претседателе,

Значи, она што сакам да го истакнам тоа е дека тргнувајќи од принципите и целите кои требаше да се постигнат со донесувањето на Законот за територијална организација апсолутно нема никаква пречка општината Облешево да опстои како општина Облешево. Тоа е едно.

Второ, сите оние проблеми за кои е виновна Владата, виновна е Владата затоа што не ја почитуваше волјата на жителите на општина Облешево и на општина Чешиново кои се изјаснија нивните општини да опстојат како такви.

Трета работа која се случи исто така, и за која ја обвинувам Владата на Република Македонија, а која дополнително оди во прилог општина

Облешево да опстои како општина Облешево со седиште во село Облешево е тоа дека овој проблем максимално се користеше за дефокусирање на јавноста во текот на донесувањето на Законот за територијална организација и како таков ескалира до овој степен кој го имаме сега.

Понатаму, сите оние штети кои се предизвикани со настанатите околности затоа што ако се донесе пред неколку месеци во август месец Законот за територијална организација, а во ек на почеток на кампањатад за локални избори Владата предлага измени на тој закон, значи единствено што може да опстои како нормално е да опстои општината која и до сега постоела односно општините во овој случај, бидејќи се работи и за општина Облешево и за општина Чешиново и на тој начин да се надминат сите проблеми кои беа предизвикани до сега.

Четврта работа, се поставува едно друго прашање што понатаму? Владата вели не го прифаќа овој амандман, што понатаму, како мислите да го решите проблемот, ако не го прифатите овој амандман? Дали мислите дека со полиција ќе се среди овој пороблем? Дали мислите дека жителите на општина Чешиново или жителите на општина Облешево ќе бидат заодоволни со решението на Владата? Дали ќе биде некој победник, а некој поразен?

Значи, на овој начин апсолутно не се решава проблемот, туку се остава простор и понатаму македонската јавност да го третира овој проблем, да се насочува кон овој проблем, а многу помалку да се отстапува  простор на општинските и други проблеми кои значат економско назадување на државата.

Од сите аргументи кои ги кажав, сметам дека единствен начин на кој може да постапи Владата е да ги задоволи барањата на жителите на општина Облешево, да ги задоволи барањата на жителите на општина Чешиново и себе си да се тргне од одговорноста за сите овие случувања кои навистина не требаше да се случат, а се случија затоа што предлогот на Владата и прифаќањето на тој предлог кој беше од парламентарното мнозинство пред шест месеци значеше едно, сега значи друго, а единствен начин е оној кој го велевме и тогаш и она што го велиме сега овие општини треба да опстојат во постојните граници општина Облешево со  седиште во селото Облешево и општина Чешиново со седиште во село Чешиново. Разберете ги луѓето и немојте да го мултиплицирате овој проблем затоа што слушаме прес конференции од стопанственици кои трпат штети, слушаме најразлични фрустрации кои се појавуваат кај патниците кои треба да поминуваат на блокираниот пат и сите оние работи кои не треба да се случуваат затоа што ова е единствено нормална работа која треба да се направи.

Почитувајте ја волјата на жителите на овие општини, ништо повеќе, ништо помалку. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Даневски.

**Слободан Даневски:** Господине претседателе, дами и господа пратеници,

И вчера зборував за овој проблем што го имаме како отворено прашање затоа што ние носиме дел од одговорноста за целата ситуација и не можеме да се извлечеме ни Владата ни Парламентот затоа што состојбите со драматични, има најава на физичка пресметка со патниците кои се во право затоа што од една страна тие не се должни да им бидат блокирани патиштата, а од друга страна граѓаните на општина Чешиново мислат дека се во право, така што и овој амандман што е поднесен од двајцата пратеници еве јас би го прочитал затоа да не дојде до забуна што значи амандманот.

Амандманот е поднесен на членот 1 на Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија во членот 10 под д) по точката 61 се додава нова точка 61-а која гласи: општина Облешево со седиште во селото Облешево. Да не дојде до забуна при дискутирањето затоа што намерата на предлагачите е и со самото изгласување на овој Предлог-закон кој го даде Владата на Република Македонија, е во контекст на тоа дека има расположение од сите пратеници општина Облешево да биде општина Облешево. Мислам дека тука немаше спорно, сите пратеници се согласуваат општина Облешево да добие општина Облешево.

Сега е другиот момент. Ако ние сме изгласале Закон некаде на 11 август 2004 година со што сме дале дека општина Чешиново е општина Чешиново и сега им поништуваме. Во контекст на ова би ги замолил сите пратеници да ја надминеме оваа ситуација, нема место за тоа дека ова би била верижна реакција на скоро сите општини кои би барале. Ова е малку вондредна ситуација и некаде шест месеци ги држиме ни на небо ни на земја граѓаните и во едната и во другата општина. Даваме многу грда слика за имиџот на Македонија и ако сега не посматраат европјаните, изгледа многу лошо со блокади на патиштата. Како ние ќе бидеме сериозни како држава кога едно вакво мало прашање кое нема да ги наруши односите на државата, нема да ги наруши односите па и на политичките партии и ако е некој интерес, а знаеме како се правеше, општините ги кроеа по интерес на тој што ќе има гласачи. Така ги правеа општините, а не ги правевме општините по критериуми и ако сме потписници на Европската повелба, ги правевме по мерка и првиот пат и вториот пат по мерка на оние кои се на власт. Мислам дека во тоа е грешката. Еве, да ги надминеме овие работи и ако сме направиле грешка, да ги надминеме овие несакани последици, јас кажувам ситуација, а ќе има и последици затоа што никој не е должен, почнувајќи од граѓаните на Берово, Пехчево, Виница, Кочани, тоа е еден голем регион каде буквално е парализиран сообраќајот. Како во овие услови во зимски период граѓаните не можат да

си ги остварат елементарните права за она што им се нормални потреби, а да не зборуваме еве се најавува и учениците во Штип да штрајкуваат затоа што не можат да дојдат на училиште. Дел од бизнисмените и приватни стопанственици, оние што се вработени во приватни фирми, знаеме каков е законот ако три дена не дојдете на работа вам ви престанува работниот однос. Кој ќе стои зад оние недолжни граќани кои ќе изгубат бенефиции и права.

Апелирам до сите пратеници еве и до Министерството за локална самоуправа, до Владата, дајте со еден потег да го решиме овој проблем да си добие општина како што си имаше и Облешево, да си ја добие општината и Чешиново. Мислам дека проблемот ќе го решиме на многу лесен начин, на многу пософтициран. Сега ги врзуваме луѓето, гледаат на телевизија, направивме омраза помеѓу Чешиново и Облешево кои граничат, да не сакаат да се видат. Се води една тивка војна и ако поминат едните ќе им прават проблем на другите. Ги нарушуваме односите во една чиста македонска средина. Луѓето ги поделивме. Оваа одговорност ја носиме сите ние во Владата и Парламентот. Што ќе нарушиме ако дозволиме да си остане општина Чешиново. Еве за Облешево дадовме во ред, дајте да ги надминеме овие недоразвбирања. Што Македонија ќе изгуби? Кои се последиците? Дали е битно кој ќе добие градоначалник. Дајте ние сме сервис на граѓаните, ние сме бирани од граѓаните. Ако неможеме да се договориме тука кој ќе добие, кој ќе губи. Ако правиме анализа кој губи, најмногу губи Република Македонија. Дваесет дена блокада на пат, шест месеци топло-ладно со една општина, топло-ладно со другата општина. Ветивме на едните, ветивме на другите. Што Македонија ќе изгуби, еве дали некој направил анализа. Што ќе нарушиме? Дали ако кажеме и усвоиме општина Чешиново дали ќе ги нарушиме односите со Европската Унија. Дали ќе биде услов дека нема да не примат во НАТО структурите? Ни најмалку. Зошто правиме нешто што не е добро. Ние ги врзуваме тие граѓани таму, не им даваме да си работат. На прагот е пролетната сеидба, тоа е земјоделски крај, да не зборуваме за оние кои имаат намера да инвестираат. Таму се направени договори, зделки, бизнис релации, а ние го блокиравме целиот регион. Во право се визнисмените што се лутат од Кочани, сега сме на крајот на годината кога се прават завршните сметки. Има луѓе кои фактури, во суд не веруваат дали парламентот изгласал или не изгласал или дали на патниот правец образложението ќе биде блокирале граѓаните од општина Чешиново и не може да се достави по пат на директна спогодба или незнам што. Судот си работи по аргументи односно документи. Мислам дека блокираме цел регион. Тука се засегнати сите структури. Знаеме дека во ова време имаме епидемија на болести, грип. Имаме грип, имаме луѓе кои се болни.

**Љупчо Јордановски:** Господине Даневски ајде вратете се на амандманот за Облешево.

**Слободан Даневски:** За Облешево мислам дека амандманот како таков е безпредметен затоа што ние зборувавме, така е господине претседателе, ние денеска усвоивме дека се прифаќа општина Облешево. Значи, ние денеска завршивме. Ние денеска општина Облешево донесовме, а ја укинавме општина Чешиново. Јас сум, па и Либералната партија, да имаме две општини. Да сси постои и општина Чешиново и општина Облешево. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.'

Повелете господине Трендафилов, а потоа госпоѓа Којзеклиска.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ситуацијата и во општината Облешево и во општината Чешиново имало резултат и на обидот на Владата на Република Македонија кога во текот на летните месеци се водеше расправата за Законот за територијална организација. Кога станува зб ор за општината Облешево, основна намера беше, зазтоа што тогаш постоеја програми на патниот правец, но тогаш беа организирани од општината Облешево и Владата на два наврати интервенираше во редоследот на точките за кои се расправаше во контекст на Законот за територијална организација така што еднаш општината Облешево беше поместена од некаде почетокот на дневниот ред, беше поместена на крајот, па конечно беше едновреме и симната од дневниот ред, затоа што Владата сакаше да добие на време за да се тргнат тогаш организираните блокади од жителите на општина Облешево.

Како последица на тоа, соочувајќи се со таков вид на револат, Владата на Република Македонија го измисли најсоломонското “решение”, за да го префрли проблемот на директно решавање помеѓу жителите на овие две општини, жителите на општина Облешево и жителите на општина Чешиново, со некаква необврзувачка гаранција за никого, едноставно да се излезе на референдум и расположението на граѓаните во овие две општини да биде изразено преку референдумското изјаснување. Така да, Владата остане настрана од овој проблем, иако Владата вложи доста усилби во текот на летните месеци, за да се тргнат пред се блокадите организирани тогаш од општина Облешево. Намерата на овој амандман и на амандманот по него, нема никаква разлика од амандманот кој беше поднесен и кога беше расправата за територијална организација.

Имено, општина Облешево и населените места кои припаѓаат во неа да остане таква каква што е со територијална организазција во 2004 и следствено на тоа општина Чешиново и населените места кои припаѓаат на нејзината територија да останат во рамките на општината Чешиново пред донесувањето на Законот во 2004 година.

Сега имаме поинаква ситуација, сега во општина Облешево не се организираат блокади но овој пат се организираат од страна на жителите на општина Чешиново.

Јас сум свесен дека нема расположение во парламентарното мнозинство да останат овие две општини да егистираат како и досега, само би обрнал внимание на следново: ќе биде максимално погрешен чекор на Владата и соодветните министерства, доколку се решат да применат и да употребат сила да се разбијат овие блокади, без оглед на штетата која ја предизвикуваат во овој момент блокадите, сочувствувајќи со сите оние кој во тој регион имаат проблем да стигнат до крајната дестинација, затоа што Владата во далеку посериозни услови, за далеку посериозни прашања, со месеци ги употребувала своите претставници на институциите на системот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов зборувајте за амандманот а не што ќе биде кога би било. Немојте да претпоставувате нешто што можеби нема да се случи.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи не би сакал ситуацијата во Облешево и во поширокиот регион на општините Облешево и Чешиново да ја предизвикаат Владата да употребува сила за да го нормализира сообраќајот и слободното движење на патниците во поширокиот регион на општина Облешево. Напротив, ако сакаат да покажат добра волја, Владата не мора ниту овие амандмани да ги прифати, туку едноставно, ќе се врати на амандманите поднесени во текот на август за расправата на територијалната организација и ќе ја врати состојбата и со општината Облешево и со општината Чешиново, пред донесување на законот за територијална организација по 2004 година и нема да си дозволи да употребува сила преку институциите кои се задолжени за зачувување на јавниот ред и мир, затоа што во поширокиот регион на општина Облешево, Владата еднаш се соочи со таков проблем, се соочувала и во минатото со слични проблеми, но секогаш покажувала во некои други региони на Република Македонија со чувство дека и должност и обврска и одговорност се влегува во долготрајни обврски, додека овде таквиот впечаток не го добивме затоа што Владата упорно молчи и се прави дека проблемот не постои. Проблемот постои и може да биде решен на еден или на друг начин.

Нашата намера со овие амандмани и конкретно со овој амандман, Владата да го реши на тој начин што Собранието ќе го поддржи овој амандман и општината Облешево ќе егзистира во своите рамки пред донесување на законот за територијална организација од 2004 година.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Само кратко претседателе, значи се обраќам до парламентарното мнозинство. Ако парламентарното мнозинство во овој парламент гласа против овој амандман, тогаш само ќе констатирам дека апсолутно никој во оваа држава, најмалку Владата, вклучително и ова парламентарно мнозинство ништо не им значат ниту граѓаните, ниту интересите на граѓаните на соодветните општини, не им значат ниту штетите што ги трпат сите луѓе од тој регион, ниту економскиот развиток на целиот тој регон, а за да ме демантирате во сето ова што ви го кажав, не вака од место, туку со конкретно дело, тогаш изненадете ги и граѓаните на општина Облешево и на Чешиново и гласајте за амандманот. Со тоа и мене ќе ме изненадите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Незнам дали ќе бидете изненадени, но јас бев многу изненаден кога Облешевци правеа барикади, а некои пратеници беа на тие барикади.

Ве молам мгосподине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Јас како предлагач на амандманот би сакал да кажам што е тоа што ме натерало да поднесам амандман и што сакам како предлагач на амандманот да постигнат со амандманот.

Значи, почитуван претседателе, текстот на амандманот е тоа што се додава општина Облешево со седиште во село Облешево, затоа што во текстот на законот постои општина Чешиново, на оној постоечки закон, а сега со овој амандман со кој што е додадена општината Облешево, нашата цел како предлагачи е да ја одвоиме општина Облешево и општина Чешиново од општина Чешиново, со тоа што се добиваат две општини.

Сега, зошто амандман?Логички е од сето она што од општиот претрес, она што го зборував и она што го кажував и вам ви дадов ветување дека нема да ги читам повторно писмата кои што ми беа упатени, јас и господинот Чедомир Краљевски, како предлагачи на овој амандман, сметаме дека е единственото решение.

Значи овдека немам намера, да се правам најпаметен, немам намера да влијаам на пратениците, затоа што секој пратеник има веќе изградено сопствен став како треба да се произнесе по овој амандман, меѓутоа, само би сакал да укажам дека и од она што го читав од писмото и известијата што ни беа упатувани и од она што можеме да слушнеме од Жителите таму и на Чешиново и на Облешево, се повторуваат, еднаш се едните на барикади, другпат другите се на барикади, јасен е тој показател, какво решение да се нуди, кое решение ќе оди во насока на здружување на тие две општини, независно кое име ќе го носат и независно каде ќе биде седиштето дали во Облешево, дали во Чешиново, дали ќе се вика Облешево-Чешиново или Чешиново Облешево, таму ќе постои проблем. Тој проблем ќе се чувствува секојдневно и тој проблем може би ќе ескалира, како што овие денови ескалира со оние протести кои што имаме прилика да ги гледаме.

Меѓутоа, очигледно е, и повеќе пати повторено дека граѓаните и на Чешиново и на Облешево сакат да живеат во самостојна и сопствена општина.

Значи, амандманот кој го предлагаме е решение кое што не е измислено од нас како предлагачи, но решение кое го почувствувавме од самните граѓани и она што ни беше доставено овдека како во вид на некакви информации. Амандманот произлегува и од она што имавме прилика да го прочитаме и видиме од самите референдуми кои

што таму се случуваат. Заменик министерот во своето излагање кажа дека тие референдуми не се обврзувачки за Владата, тоа е така, но референдумот ако не е обврзувачки, сепак е показател на одредена волја, на одредени граѓани. За жал, јас не можам да ја разберам оваа Влада, затоа што слични вакви референдуми имавме во повеќе од 40% општини и многу малку од нив беа прифатени од страна на предлагачот, така што и овде очигледно нема да биде прифатено, меѓутоа, практиката покажува дека доколку се почитува волјата на граѓаните, проблемите се решаваат.

Образложението кое што имавме прилика повторно да го слушнеме од заменик министерот за локална самоуправа беше дека не може да се зголеми бројот на општините дека тоа е утврдено со закон итн. Јас не го сметам дека е тоа причина дека не може да се прифати овој амандман и не можам да го сметам за причина да мора да се прифати онаа форма која ја нуди предлагачот. Значи не е ништо цементирано во Република Македонија, особено не, кога се во прашање закони. На секој закон има измени и дополнувања и се што е утврдено со закон, може да се измени, а и Законот кој ни се предлага, значи законот за исменување и дополнување на Законот, исто така може да се измени со амандман кој што го имаме правото како пратеници ние да предлагаме, доколку биде прифатен.

Така да, доколку овој амандман биде прифатен, многу лесно и едноставно може да се направи да не биде пречка никаков закон бројот на општините да се зголелми односно ќе биде зголемен само за една општина. Така да тоа не е причината на која се повикува Владата, тоа и е само алиби, а вистинската причина, можеби денеска нема да биде прифатена, но бидете сигурни, дека ако не денеска по извесен период на време, тоа и ќе се случи, тоа самата Влада ќе го предложи она што ние сега го предлагаме во вид на амандман, затоа што таму состојбите нема да се средат ниту против ваков закон каков што ни се нуди, нити против било каков сличен друг кој што нуди заедничка општина. Јас кажав дека и оние критериуми кои што беа некако дефинирани при носењето на првиот закон во онаа прва верзија, веќе се небитни критериуми и има отстапки во многу општини и случајот не би бил никаков проблем доколку се прифати вака како што ние го предлагаме.

Значи, да завршам целта на овој амандман е многу едноставна да удоволиме на желбата на граѓаните таму каде што се случуваат повеќе од 10 дена протести, кој јасно и недвосмислено ни даваат до знаење, особено на нас како пратеници дека нивната желба и волја е да живеат самостојно во самостојни општини. Дека се свесни што тоа значи и дека се свесни и дека можат да опстојат како посебни општини за кои што дури и самите нудат еден преоден период од 4 години со кој ќе ни докажат и на нас како пратеници, но и на Владата дека се способни тоа да го направат. Република Македонија нема ништо да изгуби доколку го прифати овој амандман, може само да добие една помирна и порелаксирана состојба.

Заради тоа, почитуван претседателе, почитувани колеги, јас не би апелирал но би замолил сите овие аргументи што ги кажав,што ги кажаа и колегите, пратениците да ги имаат предвид кога ќе гласат по амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодрам претседателе, вчера Министерството за локална самоуправа кажа дека со оваа измена на законот за територијална организација всушност, нема да биде конечно решение на овој проблем. Ако веќе тоа не е конечно решение, треба ние сите овде да видиме кое е конечното решение на овој проблем. Ние мислиме дека конечното решение е функционирање на две општини.Општина Облешево и општина Чешиново. Затоа што, едноставно на таков начин може целокупниот проблем што настана од донесување на Законот за територијална организација во месец август со вакво решение, едноставно, да се реши во интерес на сите граѓани. И на граѓаните на Чешиново и на граѓаните на Облешево.

Во образложението на амандманот се кажува дека амандманот се поднесува од причина за конечно решавање на проблемот во селата Чешиново и Облешево, како проблем кој сериозно ги нарушува интересите и правата на граќаните од овој регион.

Сакам да направам една споредба. Со образложението на законот што го дава Министерството за локална самоуправа, а тоа е следното: дека кога се донесе Законот во месец авгусст 2004 година беше предвидено со решение што е предложено за територијално организирање на општините Чешиново и Облешево да бидат во една општина и тоа Чешиново со седиште во село Чешиново, а во најкраток можен рок да се распише референдум во постојните општини Облешево и Чешиново со сите 14 населени места.

Во образложението за измена на овој закон се кажува дека Владата на Република Македонија го преиспита постојното законско решение, имајќи ги предвид демографските, просторните, и економските капацитети и гравитациски влилјанија. И врз основа на направените анализи се предлага сега седиштето на новоформираната општина, наместо во село Чешиново, да биде во село Облешево, а името на општината да се промени од Чешиново во Чешиново-Облешево.

Ги прашувам претставниците на Министерството за локална самоуправа, кои се тие демографски, просторни, економски капацитети и гравитациски влијанија, кои што придонеле во овој период од месец август минатата година до февруари 2005 година, кои се тие анализи што придонеле сега да се смени ова законско решение и сега да имаме ново седиште на општината и кои се анализи се направени сега да се види дека е правилно решението името да се смени од Чешиново во Чешиново-Облешево, или пак Облешево-Чешиново. Значи дали постсојат такви анализи,

дали се направени такви анализи, или едноставно, сега се виде дека се тоа е грешка, па ајде ќе одиме на друго решение, па потоа од кога ќе видиме дека е грешно и ова решение, дури по тоа ќе одиме во конечно решение за опстојување на две општини и Чешиново и Облешево. Значи ако знаеме, ако Владата, акоМинистерството за локална самоуправа, знае дека и ова не е решение, тоа се кажа вчера по повод претстојната измена на овој закон, едноставно, дајте да видиме, нека се направат тие анализи и да видиме кои анализи се направени, за да придонесеме за конечно решавање на овој проблем.

Ние како ВМРО - Народна партија, сметаме дека за конечно решавање на овој проблем е опстојување на овие две општини. Министерстовот за локална самоуправа нека ги каже кои се тие анализи кои што кажуваат дека ние грешиме во овој случај. Дали се направени такви анализи, затоа што вчера едноставно претставникот на Министерството за локална самоуправа кажа дека и ова решение нема да го реши проблемот.

Ако тоа е така еве ние даваме предлог со овој амандман, дека конечно решавање на овој проблем е опстојување на две општини, и вчера тоа го нагласив во интерес и развој на двете општини и на општина Облешево и на општина Чешиново, кои што ќе придонесат за поквалитетно живеење на граѓаните во тие две општини. Благодара.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодрам, господине пртседатеље, почитувани пратеници почитувани претставници на Владата на Република Македонија, јас веднаш на почетокот на моето денешно обрачање ќе кажам дека давам поддршка на овој амандман поднесен од пратениците Чедомир Краљевски и Жарко Караџоски за измена на членот 10 по точката 61 во новата точка 61- а која гласи општина Облешево со седиште во село Облешево, што дефакто, се овозможува опстојување на две општини. Со оваа измена, фактички, постои и општината Чешиново, односно со овој амандман постои и општина Облешево.

Јас вчера со обратив до Владата на Република Македонија односно до Министерството во општата расправа по предлог за измена и дополнување и законот за теијторијална организација. Денеска Влдата се произнесе со една сувопарна реченица дека амандманот не се прифаќа и за мене обраќањето кон Владата заврши. Според мене Владата со тоа што кажа дека амандманот не се прифаќа го кажа војот конечен став. Останува сега ние како парламент да го кажеме нашиот конечен став, затоа што Владата постапи вака. Има една стара американска изрека: “ако има проблем, мора да има решение”. Ако нема решене тогаш нема ни проблем. Владата не сака да го види решението и смета дека проблем нема.Меѓутоа, ние сме должни како парламентарци да кажеме дека решение има, решението е не во колективната и административната волја на Владата и на министерството, кое што е спротивно на волјата на граѓаните оти граѓаните ни покажаа во овие неколку месеци и граѓаните од Облеќево и граѓаните од Чешиново дека не ја респектираат таа колективна административна волја и сега ние сме пловикани тука да мериме како парламентарци дали за нас е поважна довербата на граѓаните кон власта во делот на индивидуални човекови права каде што врв на таа индивидуалност е локалната самоуправа, каде што тие сами треба да решаваат за своите проблеми или повторно тука Парламентот ќе биде во функција на поддржувач на владините одлуки, решенија или нерешенија, како што е тоа во овој случај.

**Марјан Ѓорчев:** (Продолжение)**.** Едноставно јас мислам дека ние, и тоа се обраќам на членовит ена Парламентот, реков дека Валдата го кажа својот конечен збор, ние денеска треба да ги подржиме граѓанит ена општините Чешиново и Облешово кои што јасно кажаа, јасно ја изразија својата волја дека ќе ја градат довербата кон валста на начин ако власта им дозволи да им верува дека тоа што тие го бараа, тоа е организирање на локалната самоуправа на ниво на две општини. Токму затоа сметам дека ние тука, во Парламентот имаме двојна функција, имаме функција на членови на Парламентот, но и членови на одделни општини. Ние сме дел од некои населби, од градови, од населени места и сметам дека во овој момент треба да претежни нашата обврска кон индивидуалните човекови права на граѓаните во Облешево и Чешиново, да го пдоржиме овој амандман, затоа што со тоа ја подржуваме демократијата во Република Македонија.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рамадани, повелете.

**Исмет Рамадани:** Благодарам почитуван претседател,

Сакав со овој амандман што се предлага да даддам јас свој придонес. Но, мојот придонес, се разбира, ќе биде во насока на тоа што е компромис и што ќе биде од интерес на граѓаните за кои зборуваме, од Облешево и Чешиново.

Кој треба да биде компромисот, како што ги гледам јас работите? Од искуство знам, сакам да бидам прагматичен, овој амандман тешко дека ќе помине, бидејки станува збор за предлог на Владата, односно измени и дополнувања на овој закон, каде што се предвидув аопштината Облешево-Чешиново да има седиште во Облешево.

Сакам да предложам еден компромис, до колку не ме разберат лошо и предлагачите на овој амандман, господинот Кралевски и господинот Караџоски. До колку ме разберат добро и самите граѓани кои се повеќе, на еден начин, тие граѓани загрижени за оваа состојба. Прелдогот би бил следен и конкретен:

Ова може да го направи Владата со една интервенција или една јака гаранција, до колку се

согласи претседателот на општината и седиштето, бидејки е одлучено да биде во Облешево, извршниот дел, значи тоа што значи оперативен дел, каде ќе бидат ресорите во општината, да бидат со седиште во Чешиново. Бидејки станува збор за една дистанца од 3 километри, колку што јас имаме информации, ова во овој момент ќе биде компромисот и најпрагматичното решение.

До колку се продолжи со ставот на позиција и опозиција или не знам кој други интереси ги има, моето убедување е дека нема да се реши овој проблем така како што треба. Затоа би било добро овој компромис на еден начин да се направи, во една насока и заменикот минситер Алтанџиева во нејзиниот говор вчера даде такви сигнали за еден дел од администрацијата што треба да премине, односно да биде...

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам што ќе ве прекинам, ја разбирам вашата добра волја, само не е место во овој амандман тоа да се дискутира. Можете во општа расправа да зборувате за компромисите или по текстот на законот. Ако имаше можности и правнички тоа требаше да го документирате со амандман, бидејки такви компромиси со амандман...

**Исмет Рамадани:** Јас се обраќам и до предлагачите на амандманот, претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Ништо со тоа не постигнувате. Кажете вие да го повлечат или бранете го амандманот, дека е тоа во ред. Компромиси од типот што вие го предлагате, можеме да го отвориме како расправа по текстот на законот, ако и на тоа таму му е место. Затоа ве молам држете се до амандманот, ако имате нешто да кажете.

**Исмет Рамадани:** Не, јас немам што да додадам, само сакав во оваа насока да го дадам мојот придонес.

Благодарам, доколку се има разбирање за тоа.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, треба да се произнесеме по амандманот.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните).

Бидејки во салата се присутни 63 пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 22 гласале за, нема воздржани, а 42 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менвуање на член 2 поднесен од пратениците Чедомир Краљевски и Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот минситер за локална самоуправа. Повелете.

**Тања Алтанџиева:** Амандманот не се прифаќа, со оглед на тоа што претставува продолжение, односно е во непосредна врска со претходниот амандман.

Меѓутоа, еве уште еднаш би сакала да го повторам ставот на Владата по однос на бројот на општините и на границите на општините...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, тоа по општа расправа. Тоа не е по амандманот.

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 15 гласале за амандманот, 1 воздржан, а 45 против амандманот.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресо тпо текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот ЦВИ на Уставот на Република Македонија, овој закон се доенсува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Откако левата страна се испразни, ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат присутните)

Молам пратениците од мнозинството да дојдат да гласаме. Ние сме сега моментално 55 во салата.

Пред да поминеме на гласање, уште еднаш службите нека го утврдат бројот, бидејки е законот доста битен, па не сакам после да има забелешки или некои оспорувања.

(Службите го утврдуваат бројот).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 55 гласале за, 1 воздржан, нема против, а во салата се присутни 61 пратеник.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Кој е против, молам да крене рака?

(Никој не крева рака).

Дали има некој воздржан?

Не гледам некој да крева рака.

На седницата присуствуваат 19 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласале 19 пратеници, против нема и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

**Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за личната карта, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедницит еи Мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот Џ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутнит епратеници, при што мора д аима мнозинство гласови од присутните рпатеници кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Госаподине Хасипи имате збор, бидете релативно пристоен во времето.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господине претседателе, дами и господо пратеници,

Дозвоелте ми сосема кратко да ви образложам кои беа причините што со колегата Гајур Сарач понудивме Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за лична карта.

Имено, сакам да ве потсетам дека на 12 март 2004 година, Собранието на Република Македонија го доенсе Законот за лична карта, при што беше прифатен амандманот на претставниците на помалите етнички, со што беше уредено прашањето за образецот на личната карта. За прв пат на овие простори беше овозможено и за припадниците на помалите етнички заедници податоците во образецот на личната карта да се испишуваат и на ј азикот и писмото на заедницата на која припаѓаат.

За жал, ова решение беше оспорено во постапка пред Уставниот суд на Република Македонија, со образложение дека решението предложено во став 6 на член 5 на Законот за лична карта се коси со амандманот В на Уставот на Република Македонија. На овој начин, преку рестриктивно толкување на ова уставно решение, на помалите етнички заедни им се ускрати тоа право.

Поаѓајки од фактот дека решенијата на Уставниот суд се конечни и не се коментираат, а со цел да се превенира правниот вакум што би настанал со укинување на овој член од Законот, со колегата Сарач одлучивме да понудиме измена на овој член на Законот и истиот да го усогласиме со соодветниот член на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, дотолку повеќе што и двата документи имаат за цел да го утврдат идентитетот на граѓанинот.

На тој начин ставот 6 од членот 5 на Законот за лична карт би гласале: " На граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик, на нивно лично барање, податоците за личното име што се внесуваат во личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот".

Напоменувам дека понудената формулација е идентична со онаа во Законот за патни исправи, што е влезен во сила и каде што се надминати одредени технички проблеми што настанаа со примена на писмата на одредени етнички заедници.

Освен тоа, Владата на Република Македонија, на седницата од 11 февруари 2005 година, по разгледувањето на нашиот предлог, одлучи на Собранието да му предложи да го усвои Предлогот за изменвуање на Законот за личната карта со образложение дека по ова прашање Владата веќе има изградено став со истоветно решение утврдено во Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија.

Имајки предвид дека ваквото решение произлегува од став 1на член 11 од Рамковната конвенција за заштита на националнит емалцинства, ратификувана во Собраниеот на Република Македонија, Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, едногласно го прифати понуденото решение не само поради фактот што ратификуваните меѓународни договори, согласно Уставот, се составен дел на внатрешно правен поредок, туку и поради фактот што со оваа измена се обезбедува целосно почитување на правата и слободите на човекот и граѓанинот, како базична премиса за демократскиот развој на Република Македонија и ефективна заштита на нејзиниот мултиетнички карактер.

Имајки го предвид изнесеното, длабоко сме уверени дека со вашето прифаќање на оваа измена на ставот 6 од членот 5 на Законот за личната карта, не само што ќе се остварат целите што се сака да се постигнат со овој закон, туку ќе се обезбеди и нормативно усогласување со истоветното решение во Законот за патнит еисправи на државјаните на Република Македонија.

Благодарам на вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Хасипи.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за лична карта.

Пред да преминеме на гласање, молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Со седницата продолжува да раководи претседателот Љупчо Јордановски).

Во салата сега се присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против, како што реков во салата се присутни 62 пратеника.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласал 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржан, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

Кој е против молам да крене рака?

Нема против.

Дали има некој воздржан?

Нема воздржан.

На седницата присуствува 21 пратеник кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласаа 21, нема против и нема воздржан пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за лична карта.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за електронски комуникации, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата.

Повелете, господине Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Парламентарната група на ДУИ бара пауза од еден час поради внатре партиски консултации кои треба да ги извршиме.

**Љупчо Јордановски:** Ќе се даде пауза од половина час. Тогаш ќе дојде и министерот за правда.

Продолжуваме со работа точно во 13,00 часот.

(Пауза од 12,27 до 13,05 часот).

Продолжуваме со работа.

Бидејќи расправата е отворена, за збор се јави пратеникот Драган Ѓоргиев, а потоа пратеникот Цветле Јаневска.

Повелете господине Ѓоргиев, имате збор.

**Драган Ѓоргиев:** Ви благодарам господине претседател.

Почитуван претседател, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници.

Предлогот на закон за електронски комуникации кој што е доставен до нас преставува Закон кој што регулира многу значајна и сложена област. Овој Предлог на закон е сосема различен и на сосем поинаков начин ги уредува условите, принципите, начините и правилата за вршење на дејноста во областа на електронските комуникации во Република Македонија во споредба со досегашниот Закон за телекомуникации.

Тоа пак од своја страна дополнително ни ја отежнува задачата да овој закон го донесеме само во една фаза. Овде сакам да напоменам дека навистина од времето на доставување на овој предлог па се до денес имаше транспарентност, консултации со домашни и странски субјекти, објавување на ВЕБ страна и тн., меѓутоа имаме и многу забелешки од засегнати субјекти, и многу предложени амандмани од овластени предлагачи и навистина сега е тешко во толку кратко време да се согледаат правилно сите добри забелешки и предлози и да се прифатат заради подобрување на доставениот Предлог на закон за електронски комуникации.

Меѓутоа, сепак мораме од друга страна да признаеме дека овој Предлог на закон содржи квалитетни и сеопфатни решенија со кои што ќе се изврши подобрување на законските услови за целосно и ефикасно регулирање на прашањата во областа на електронските комуникации и во исто време усогласување на нашата законска регулатива со регулативата на Европската унија.

Сепак мора да се каже дека доцниме со законските реформи во оваа област и дека е подобро овој Предлог на закон да го донесеме веднаш а во периодот кој следи интензивно да се разгледаат и доработат одредени прашања за кои сметаме дека треба да се подобрат или пак самото практикување на овој закон ќе понуди некои посоодветни решенија за одредени прашања.

Во овој Предлог на закон е предвидено надлежни органи за регулирање на работите од оваа област да бидат:

- Министерството надлежно за работите од областа на електронските комуникации, и овде на самиот почеток се поставува прашањето кое е тоа Министерство, зошто не е поконкретно посочено, на пример да се каже Министерството за транспорт и врски и понатаму во целиот текст на законот да стои точното име на Министерството, за да имаме уште на самиот почеток расчистени релации.

Како втор надлежен орган е предвидена:

- Агенцијата за електронски комуникации што преставува можеби и најзначајната новина и тоа е добро, затоа што е предвидено оваа агенција да биде независно регулаторно тело, самостојно и непрофитно правно лице со јавни овластувања.

Неутралноста на Агенцијата и широките нејзини надлежности и овластувања се со намера да се обезбедат подобри услови за потребите на комуникациските услови, забрзување на процесот на создавање на силен и конкурентен пазар во оваа област, унапредување на развојот и поттикнување на инвестициите во електронските комуникации со нови технологии и услуги итн.

За да успешно ги извршува своите надлежности на оваа Агенција ќе и биде потребен, и тоа можеби е најважно, стручен и квалитетен човечки потенцијал, пред се од видот на стручњаците од областа на електротехничките работи, при што е предвидено Собранието на Република Македонија да го предлага составот на Комисијата на Агенцијата, а пак Комисијата понатаму го избира директорот на Агенцијата, за што сметам дека е добро решение, затоа што со тоа се запазува независноста на овие два органи на Агенцијата за електронски комуникации до толку повеќе што постапката за разрешување и на Комисијата и на директорот е условена само под строго утврдени случаи, што пак овозможува самостојнот и независност во функционирањето на овие два најважни органи на Агенцијата.

Позитивно во однос на стимулирањето на тоа да имаме квалитетен кадар во Агенцијата е и одредбата што предвидува дека Законот за државни службеници не се применува на вработените во Агенцијата.

Во делот на одлучување на Комисијата мислам дека е неиздржано одредбата која предвидува Комисијата како орган со огромни овластувања и надлежности да може да донесува одлуки само со два гласови “за” и овде е потребно одлуките Комисијата да ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Комисијата, пред се, заради поголем легитимитет на тие одлуки.

Само како пример, недопустливо е Комисијата да го именува директорот само со два гласови “за” од тројца присутни членови на Комисијата, кога знаеме дека директорот е носител на главните функции поврзани со овој закон.

Ние преку Собраниската комисија за транспорт, врски и екологија, имаме доставено и амандман во оваа насока и јас се надевам дека предлагачот ќе го прифати тој амандман, а не беше прифатен од страна на повереникот на седница на Комисијата. Понатаму сметам дека е негативно и тоа што надлежности на агенцијата кои што се предвидени во членот 9 не се целосно и прецизно распределени помеѓу Комисијата и директорот, односно не е јасно дефинирано кој од овие два органи ќе ги преземи тие надлежности. Во однос на надлежности на Комисијата има набројано три страни обврски и надлежности, а после тоа се распределени само многу мал дел од нив до Комисијата и директорот. Значи сите надлежности не се знае кој понатаму ќе ги извршува.

Затоа што Агенцијата преставува непрофитно и самостојно правно лице, се поставува прашањето, што со вишокот на финансиски средства кои што би се оствариле доколку вкупните годишни приходи на Агенцијата се поголеми од вкупните годишни трошоци.

Тоа прашање го немаме регулирано во одредбите на овој Предлог на закон затоа што не е возможно годишниот финансиски план кој што го усвојува Комисијата и го доставува до Собранието на Република Македонија на одобрување да предвидува идентична реализација на приходната и расходната страна на оваа Агенција.

Разбирливо е дека оваа Агенција со текот на времето ќе се зголемува и со број на вработени и со развој во однос на технолошката опременост и дека годишните трошоци ќе се зголемуваат. Меѓутоа, сепак предлагачот на овој закон мора да предвиди каде ќе оди вишокот на финансиските средства кои би останале на крајот на годината.

Во оваа насока, сметам дека најрационално е овие финансиски средства да бидат префрлени како приход во Буџетот на Агенцијата за наредната година и тоа да се уреди во овој закон.

Позитивна измена во овој Предлог на закон е тоа што наместо досегашното доделување на концесии за изградба на мрежи и вршење на јавни телекомуникациски услуги се воведува едноставна постапка за нотификација (регистрација) на правни и физички лица пред тие да започнат со изградба и употреба на јавни електронски комуникациски мрежи, или со обезбедување на јавни комуникациски услуги. Со ова би обезбедиле услови за либерализација и воведување на конкуренција во електронските комуникации.

Обезбедувањето на универзални услуги преку минимален број на определени услуги кои треба да бидат достапни на сите корисници без оглед на нивната географска локација, понатаму обезбедува-њето на задоволителен број на јавни телефонски говорници, обезбедување достапност до податоци на единствениот телефонски именик и службата за информации со сигурност ќе влијае позитивно на јавните комуникациски услуги во однос на заштита на интересите на корисниците при што би се добиле поприфатливи цени и квалитет.

Постапката за избор на давател на универзална услуга предвидено е да се врши преку јавен тендер што ќе го спроведува Агенцијата и тоа е позитивно, затоа што со тоа ќе се обезбеди конкуренција на пазарот на електронските комуникации.

Од посебна важност за обезбедување на ефективна конкуренција во овој Предлог на закон се одредбите во кои што се уредени сите должности, контролата и обврските на операторите со значителна пазарна моќ на релевантен пазар на јавни комуникациски мрежи

и услуги во определено географско подрачје само тогаш кога тие оператори самостојно или заедно со други оператори или даватели на услуги можат да делуваат независно од конкурентите и корисниците на тој пазар во однос на цените и на понудата.

Меѓутоа, добро е и тоа што оваа постапка се спроведува само тогаш кога Агенцијата врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека на пазарот нема доволно конкуренција и тогаш таа има обврска да одлучи кој или кои оператори имаат значителна пазарна моќ на тој пазар.

Во членот 43 обврската која што е предвидена операторите со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар и фирмите основани од истите оператори да не смеат да се здобиваат со сопственост на комуникациски мрежи со кои се намалува конкуренцијата на релевантниот пазар и се ограничува изворот на корисниците во однос на определана комуникациска услуга, за оваа обврска сметам дека е премногу крута нефлексибилна.

Затоа предлагам, предлагачот на овој закон сепак да остави можност во одредени случаи тогаш кога би се обезбедило задолжително позитивно мислење од Агенцијата и од Комисијата надлежна за заштита на конкуренцијата, овие оператори со значителна пазарна моќ и во вакви случаи да можат да се стекнат со сопственост на соодветните комуникациски мрежи.

Само така ќе влијаеме позитивно во однос на инвестициите и инвеститорите во оваа област во Република Македонија.

Пример: кога имаме ситуација да немаме заинтересиран субјект - оператор за купување на соодветна комуникациска мрежа, а како единствен заинтересиран оператор со значителна пазарна моќ и тогаш не е добро да се спречи по секоја цена инвестирање и евентуален технолошки развој на таа комуникациска мрежа во услови кога имаме чисти ситуации.

Заради обезбедување на конкуренцијата исто така значајни и позитивни се одредбите со кои е дефинирано интерконекцијата и пристапот со примена на принципот на транспарентност за понудените услови и со воспоставување на обврската на операторите со значителна пазарна моќ на релевантен пазар да изготват и објават референтна понуда за интерконекција и референтна понуда за разврзан пристап на локална јамка која мора да биде доволно детална за да може другите оператори што бараа специфична услуга поврзана со интерконекција и пристап да не плаќаат за средствата што не се потребни за бараната услуга.

Овде се води грижа и за недискриминацијата при интерконекција и пристап со одредбата во која Агенцијата го задолжува определениот оператор со значителна пазарна моќ да обезбеди еднаков третман или еднакви услови за интерконекција и пристап.

Заради обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција и за зголемување на поволностите за корисниците предвидена е и можноста Агенцијата да може да му наметне на операторот со значителна пазарна моќ обврска висината на цените на услугите да бидат базирани на реалните трошоци во услови кога операторот претходно вовел многу високи цени или се впуштил во експлоатирачко воведување на цени на штета на крајните корисници.

Исто така, во функција на интересите на корисниците на комуникациските услуги е и предвидениот механизам за регулирање на малопродажните цени. Тоа се реализира преку Агенцијата која што врз основа на анализа на пазарот, може да му наметне на операторот со значителна пазарна моќ на одреден малопродажен пазар кој е наменет за крајните корисници и не е доволно конкурентен обврски поврзани со регулирањето на малопродажните услуги, доколку се покаже дека големопродажниот регулиран пазар не ги дава очекуваните резултати.

Во интерес на претплатниците е и одредбата која предвидува избор на оператор и предизбор на оператор со што им се овозможува на претплатниците слободен пристап до услугите на друг оператор по избор на самиот претплатник.

Во делот на управувањето со радио фреквенцискиот спектар мислам дека предлагачот на овој закон ни нуди добри решенија кој што ќе обезбедат ефикасно и непречено користење на радио-фреквенцискиот спектар. Радио-фреквен-цискиот спектар е ограничен природен ресурс и само со ефикасно и практично користење на овој ресурс ќе можеме да очекуваме заодоволителни резултати и позитивен однос на сите засегнати субјекти во оваа област.

Сепак потребно е да се истакне дека огромен дел од финансиските средства што Агенцијата ги собира за сопствените потреби ќе бидат обезбедени токму од годишниот надоместок кој што ќе го плаќаат корисниците на радио-фреквенцијата.

Во овој Предлог на закон е предвидено Агенцијата да планира, управува и врши надзор и контрола на користењето на радио-фреквенцискиот спектар, да врши доделување, евидентирање и мониторинг на радио фреквенциите, да донесува и спроведува - план за намена на радио-фреквенциски опсези - план за доделување и користење на радио-фреквенции и да води регистар на доделени фреквенции и нивни корисници.

Позитивни и рационални се решенијата кои што се предвидени во однос на условите и начините на користење на радио-фреквенциите.

Одредбите со кои се уредени постапките за издавање на одобрение за користење на радио-фреквенции и постапките за спроведување на јавен тендер, гарантираат брзина, транспарентност и ефикасност во однос на реализирањето на овие прашања.

Во членот 75 став 6 сметам дека не треба начинот на пресметката на годишниот надоместок за користење на радио-фреквенциите да се уредува со подзаконски акт, туку дека е потребно вкупниот број на бодови за утврдување на висината на надоместокот од став 1 на овој член во одделните критериуми од став 5 на овој член да го утврдува Владата на Република Македонија со што прецизно би се утврдила надлежноста за определување на овој надоместок.

Во членот 135 од овој Предлог на закон сметам дека треба да биде предвидено инспекторот да има право и времено да ја одземе опремата на нелегалните корисници на радио-фреквенцијата со што многу поефикасно би се справиле со незаконитото работење на радио-дифузните друштва.

Во членот 144 став 1 кој се однесува на усогласувасњето на договорите за концесија склучени согласно со Законот за телекомуникации треба предлагачот на овој закон да предвиди можност заради обезбедување на правата и обврските кои произлегуваат од договорот за концесија при што овие права и обврски не можат да бидат еднострано укинати и треба да продолжат да важат до истекот на рокот за кои се склучени.

Во согласност со концесискиот договор и имајќи го предвид Законот за облигациони односи, измените на договорот можат да се направат само со заемна согласност помеѓу договорените страни.

Во врска со казнените одредби предвидени со овој закон, посебно треба да се истакне дека истите не се во согласност со постојниот закон за прекршоци, односно предлагачот на овој закон во член 151 став 3 предвидел дека одредбите во членовите 138, 139, 140, 141 и 142 ќе се применуваат од денот на влегување во сила на законот за прекршоци.

Меѓутоа, имајќи предвид дека Законот за електронски комуникации ќе влезе во сила во услови кога немаме донесено нов Закон за прекршоци и не се знае кога ќе биде донесен, произлегува дека казнените одредби предвидени во овој закон практично стануваат неприменливи.

Исто така, во таа насока, треба да се укаже на тоа дека не може однапред да се знае кои износи на парични казни за физички и правни лица ќе бидат предвидени во новиот Закон за прекршоци.

Сепак, овој Предлог на закон за електронски комуникации со сигурност значително ќе придонесе во однос на подобрувањето соработката и заштитата на интересите помеѓу сите засегнати субјекти во областа на електронските комуникации, ќе обезбеди либерализација и воведување на конкуренција во оваа област, со што ќе се обезбедат услови за отварање на пазарот на електронски комуникации за влез на домашни и на странски инвестиции, а со тоа ќе се обезбеди развој во областа на електронските комуникации и информатичките технологии и со сигурност ќе се обезбеди поттикнување на развојот на економијата во нашата земја.

Заради сите овие причини сметам дека овој Предлог на закон за електронски комуникации треба да ја добие нашата поддршка.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Ѓеоргиев.

Има збор министерот за транспорт и врски, господинот Џемали Мехази.

Повелете.

**Мехази Џемали:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Дозволете ми на почетокот да го изразам моето задоволство што имам можност пред вас да ги искажам нашите определби и видувања за развојот на електронските комуникации, информатичкото општество и современите технологии како клучен фактор за забрзан стопански и социјален развој на нашата држава и нејзино успешно вклучување во интегративните процеси во европските и регионалните рамки.

Денес, на почетокот на новиотмилемиум светот се наоѓа во екот на нова информатичка револуција. Револуција која значајно ја унапредува светската економија и револуција која драматично го менува животот на поголемиот дел ид луѓето во светот, револуција во која услугите стануваат доминантен фактор во националната економија.

Основниот развоен фактор на оваа револуција се електронските комуникации, електронските медиуми и информатичката технологија.

Конвергенцијата, односно обединувањето на електронските комуникации, радио-дифузнирте и информатичките мрежи и услуги во глобален систем е патот кој не води кон дигиталниот свет на новото информатичко општество.

Денес се повеќе сме сведоци на нераскинлицата врска помеѓи човекот и електронско комуникациско - информатичката технологија.

Телефонскиот апарат и персоналниот компјутер се незаменлив дел од секојдневието на обичниот човек, на ист начин како што тоа претставуваат автомобиулот и телевизорот.

Воведувањето на глобалните мобилни сатилитски комуникации и светската  Интернет мрежа дефинитивно го означија почетокот на претворањето на светот во Глобално село.

Интернет веќе не служи само за в ообичаена размена на информации туку покрај другото го менува и традиционалниот начин на водењето трговија, финансиско плаќање и др.

Преку електронското тргување, електронското банкарско работерње и другите апликации базирани на информатичката и комуникациската технологија сепоинтензивно се воведува новиот начин на водење на бизнисот.

Дами и господа,

Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски се цврсто решени да го поттикнат и забрзат развојот на телекомуникацискиот сектор во Република Македонија преку имплементирање на политики кои се конзистентни со реформите кои веќе се имплементирани во Европската Унија и останатиот индустријализиран свет, а истите коренспондираат со нашите обврски и кон светската трговска организација.

Повеќе од очигледно е дека Законот за електронски комуникации е од круцијално значење за Република Македонија.

Имено, донесувањето на Законот за електронски комуникации е првиот клучен чекор што треба да се направи кон процесот на либерализација на секторот за електронски комуникации во Република Македонија.

Прво и најважно што овој закон треба да овозможи е имплементација на целосно транспарентна и дескриминаторска регулативна рамка.

Новата регулативна рамка потребно е да создаде услови за влез на нови оператори, да промовира ефикасна конкуренција, да содржи јасни одредби за интерконекција, тарифно регулирање и заштита на потрошувачите кои ќе бидат во согласност со директивите на Европската Унија и Светската трговска организација.

Важно е да се напомене дека регулирањето на пазарот на електронските комуникации треба да се спроведува лод независни регулаторни тела, и тука посебно би сакал да ја споменам Агенцијата за електронски комуникации, предвидена да се формира веднаш по стапувањето на сила на Предлог законот.

Во тој контекст, новото регулаторно тело-Агенцијата за електронски комуникации, меѓу другото ќе обезбеди усогласеност на работата на операторите со нивните регулаторни и договорни обврски, ќе ги исполни целите за развојот на секторот утврдени со владината политика и ќе овозможи Универзална услуга достапна на територијата на Република Македонија.

Заштита од евентуална злоупотреба на пазарната моќ, воведување на нови технологии и услуги, како и создавање услови за натамошно инвестирање во овој сектор се главните цели лпо треба да се постигнат со новата регулативна рамка.

Искуствата од другите земји покажуваат дека на либерализираните или делумно либерализираните комуникациски пазари го попречуваат развојот на нови технологии и услуги кои, пак од своја страна претставуваат предуслов не само за економскиот развој туку и за развојот на севкупното општество на една држава. Наспроти тоа, либерализираните комуникациски пазари промовираат иновации, работни места економска раст и развој на работната сила, но и развој на демократијата, бидејќи преку е - влада се постигнува транспарентност во работата на државните органи.

Квалитетните електронски комуникации се предуслов за целосно втемелување и развивање на информатичкото општество во Република Македонија и нејзин приклучок кон глобалното информатичко село.

Почитувани пратеници,

Потребата од донесување на законот за електронски комуникации произлегува од обврските што произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Република Македонија и Европската Унија, со која е утврдено дека страните ќе ја зајакнат соработката во областа на електронските комуникации, вклучително и класичните телекомуникациски мрежи и соодветните електронски аудио-визуелни преносни мрежи и придружните услуги, како и обврските што Македонија ги презема кон Сетската трговска организација да го либерализира пазарот на телекомуникациски услуги.

Овде треба да се додаде дека постои општа согласност дека либерализација на пазарот на телекомуникациски услуги е неопходен услов за развој на многу сектори од македонското општество, како и побрзо движење кон конформатичко општество.

Што се обезбедува со Предлог законот за електронски комуникации?

Со текстот на Предлог законот за електронски комуникации се обезбедува целосна конкуренција во давањето на услугите, односно престануваат да важат екслузивните права на АД Македонски телекомуникации за обезбедување на телекомуникациски услуги во фиксната телефонија.

Со Предлог законот за електронски комуникации се обезбедуваат услови за интерконекција и пристап со примена на принципот за транспарентност и недискриминација, определување на оператори со значчителна пазарна моќ на релевантен пазар, избор на давател на универзална услуга, воведување на постапка за нотификација на правните и физичките лица пред да започнат со изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и обезбедување на комуникациските услуги, овозможување на пристап до услугите на друг оператор по избор на претплатникот и друго. Исто така се утврдуваат и транспарентни правила под кои ќе се распределуваат ограничените ресурси (радиофрекфенцискиот спектар, нумеричкиот простор).

Посебно внимание е посветено на правата на корисниците на услугите на електронски комуникации. Со претплатничкиот договор ќе треба прецизно да се дефинира квлаитетот на услугите што се нудат, како и можноста дел од претплатата да се врати доколку квалитетот на понудените услуги не го задоволува договореното ниво.

Треба да се истакне дека текстот на Предлогот на законот за електронски комуникации е изготвен со комбинирано користење на пакетот на Директиви

на Европската Унија од 1998 година, новиот пакет на Директиви од 2002 година, како и најдобрата пракса на Европското законодавство. При тоа се внимаваше Предлог законот целосно да биде усогласен со Директивите на Европската унија, при тоа имајќи го предвид нивото на развојот на овој сектор во Република Македонија и развојните потреби.

При изготвувањето на конечната верзија на текстот која влезе во Собраниска процедура на 26.01.2005 година, земени се предвид и забелешките од заинтересираните учесници АД Македонски телекомуникации, АД МОБИМАК, АД МКС (Космофон), Интернет провајдерите, Здружението на кабелските оператори, Македонската Радио Телевизија, Советот на радиодифузија и други. Беа одржани и низа состаноци со нив и со други заинтересирани учесници.

Министерствгото за транспорт и врски со цел изготовката на Законот да ја направи потранспарентна и поблиска до сите граѓани одржа и јавна презентација на која беа истакнати целите за носењето на законот, усогласеноста со регулативата на Европската унија и Светската трговска организација, домашното законодавство и се овозможи сите заинтересирани да поставуваат прашања во однос на Предлог законот.

Од особена важност е да се истакне дека Законот за електронски комуникации постигна целосна усогласеност со директивите на Европската унија.

На што може да се надеваме со имплементација на законот?

Со имплементацијата на овој закон реално е да се надеваме на:

- Забрзан развој на информатичкото општество во Македонија, што придонесува негово интегрирање во глобалните текови што е предуслов за просперитет на државата.

- Зголемен економски развој - македонските фирми преку подобрените и поефикасни комуникациски услуги ќе можат да ги користат и истакнат своите конкурентни предности и да стигнат до нови пазари, првенствено мислам преку интернетот, електронската трговија, електронско банкарство и слично;

- Зголемени странски инвестиции преку директно инвестирање во изградба на нови комуникациски мрежи, но создавање услови за влез на странски капитал и во други стопански гранки, бидејќи електронските комуникации се една од најважните инфраструктурни основи за стопанските активности во современата економомија;

- Подобрување на квалитетот на образованието преку овозможување кврлаитетен и ефтин пристап до најсовремените знаења кои ги има најголемата библиотека на светот - Интернетот;

- Подобрена деловна клима преку зголемена ефикасност и намалени трошоци;

-Се создаваат услови за развој на концептот на електронска власт која придонесува за зголемување на транспарентноста на работата на сите државни органи без разлика дали се централно или локално ниво. Ова пак придонесува лза развој на демократијата, и

- Заштита на потрошувачите и намалување на нивните трошоци преку пониски цени, подобар квалитет, поголем избор на разновидни комуникациски услуги и друго.

Се разбира ни престои уште многу работа, пред се мислам на усвојувањето на законот неговата имплементација, како и оформувањето на независно регулативно тело односно новата електронска агенција за електронски комуникации.

И на крајот со сето тоа започнува новата ера на ера во секторот на електронските комуникации во Република Македонија.

Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам

За збор е пријавена госпоѓата Цветле Јаневска, но бидејќи дискусијата ќе биде подолга објавувам пауза до 15,00 часот.

(пауза од 13,45 часот)

(По паузата)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со расправата.

Збор има пратеникот Цветле Јаневска, а потоа е пратеникот Каме Петров.

**Цветле Јаневска:** Почитуван претседател, колеги пратеници, претставници на Влада,

Сакам да дадам свое видување на Предлог-законот за електронски комуникации и се надевам дека ќе дадам еден свој придонес, дотолку повеќе што законот ни се нуди во една фаза.

Најнапред, донесувањето на овој закон го сваќам како домашна потреба неопходна правно да ги регулира надлежностите и решенијата од една многу значајна област, а тоа е областа на електронските комуникации.

Понудениов закон сметам дека нуди квалитативно нови решенија во споредба со досегашниов закон, кој исто така прави со своите уредби една трансформација во работењето на оваа значајна област и со фактот што нуди и одредби кои ја стимулираат конкуренцијата во областа, а и нудат пазар на електронски комуникации и влез на домашни и странски инвеститори. Но, сакам веднаш да кажам дека со донесувањето на овој закон не треба да имаме илузија дека автоматски пазарот на електронските комуникации ќе се либерализира, а исто така и Телеком, фиксната телефонија ќе добие своја конкуренција. Меѓутоа, важно е што со овој закон се има едни основни законски норми, кои доследно ги дефинираат прашањата од областа на телекомуникациите од аспект на надлежност на тие што ќе ги спроведуваат, како и создавање услови за либерализација на пазарот на електронските комуникации.

Впрочем и земјите од Европската Унија имале еден свој изоден пат на развој за пазарот на

електронски комуникации. Значи, и земјите кои имаат поразвиени економии од нас исто така имале еден период, каде бил потребен период на време во кој требало да се транспонираат и инкорпорираат законските потреби од регулатива која ќе овозможи воведување на конкуренција на монополските пазари.

Европската Унија морам да потенцирам дека комплет закони донесла за електронски комуникации дури во 2002 година, а пред тоа претходел и еден пакет закони чија обврска била да ги спроведе сите членки на Унијата непосредно во 1998 година.

Оттаму, увидувајќи ја состојбата во нашата земја сметам дека не треба да не напушти оптимизмот за постепена имплементација на овој закон. Во секој случај понудениов текст на законов за електронски комуникации, според мене, претставува пред се закон од една страна за оневозможување на монополот во областа на фиксната телефонија, а од друга страна овозможува заштита на корисниците на јавните телекомуникациски услуги и закон кој овозможува конкуренција на пазарот.

Ќе се обидам низ анализа на овие три квалитативи преку кои го осознавам овој закон, кој во многу одредби од законот се преплетуваат и се повторуваат, за да ја оправдам потребата од донесувањето на еден ваков закон. Значи, Република Македонија согласно Спогодбата за стабилиација и асоцијација меѓу неа и Европската Унија, задолжена е да го имплементира доследно законодавството на Европската Унија согласно спецификите на својата земја во своето законодавство, а тоа се примената на многуте директиви, регулативи и одлуки во областа на телекомуникацискиот сектор, особено во делот на укинувањето на посебните таканаречени ексклузивни права на јавните претпријатија и укинување на претпријатијата со такви права.

Тука сакам да ги истакнам, пред се, барањата од директивата за универзални услуги, како и нивното успешно транспонирање во законот. Универзалната услуга која претставува пакет од минимални јавни електронски комуникациски услуги по прифатливи и еднакви цени што е најважно во целата територија во земјата, без оглед на географската локација претставува едно од битните начела врз кое се темели овој закон. Преку дефинирањето на универзалните услуги се спречува злоупотребата на позицијата која што ја имаат на пазарот на електронски комуникации операторите и давателите на електронските комуникациски услуги со значителна пазарна моќ. Изборот пак на давател на универзалната услуга се пропишува и се врши преку јавен тендер. Тендерот го спроведува еден од важните органи што е новина која се предвидува во овој закон, а тоа е Агенцијата за телекомуникации како независно регулаторно тело. После спровледувањето на ваквата постапка Агенцијата дава решение и склучува договор со давателот на универзалната услуга по претходно добиена согласност од министерот надлежен за електронските комуникации. Агенцијата за телекомуникации може да определи еден или повеќе даватели на услуги, а притоа мора да се поведува од принципот на резултатите што ги постигнува определемиот давател на таквата услуга и принципот на објективни и транспаренти критериуми. Агенцијата ги пропишува и техничките барања за квалитет на универзалната услуга, го следи давањето на таквата услуга и ги пропишува минималните технички параметри и услови за квалитет, а по потреба и презема соодветни мерки. Агенцијата го следи и нивото и промената на цените на давателите на услугите и тие треба да се усогласени со методологијата, која што како подзаконски акт треба да ја донесе исто така Агенцијата. Давателите на универзална услуга задолжени се да водат и сметководство за посебни трошоци за давањето на ваквите јавни телекомуникациски услуги.

Оневозможувањето на монополот се постигнува и преку предвидените уредби во законот, со кои се обезбедува постоењето електрокомуникациските мрежи и услуги и нивната инфраструктура. Изградбата и

одржувањето на комуникациските мрежи и придружната инфраструктура се работи од јавен интерес и затоа тие треба да се изведуваат согласно овој закон, согласно прописите што произлегуваат од овој закон, согласно Законот за просторно планирање и изградба, согласно прописите за заштита на животната средина, како и другата важечка техничка регулатива и стандарди.

Овде имаме, со задоволство да констатираме дека веќе се напушта еден концепт односно една пракса за давање концесии за изградба на телекомуникациските мрежи и инфраструктура, а се воведува една нова постапка, а тоа е постапката за нотификација или регистрација преведено популарно. Имено, физичките и правни лица пред да ги изградат телекомуникациските мрежи мора да се обратат со барање до Агенцијата за телекомуникации за изградба на ваквите мрежи. Притоа, Агенцијата со пропис кој ќе го донесе како подзаконски акт, мора да ја пропише содржината и формата на нотификацијата, потребната документација и потврдата за регистрација.

Правни лица кои имаат, исто така, вакви во сопственост комуникациски мрежи, а не работат во областа на телекомуникациски услови, се подложни и задолжени се, должни се да побараат од Агенцијата нотификација.

Операторите на јвните комуникациски мрежи плаќаат годишно надоместок за надзорот што го врши Агенцијата за телекомуникациските услуги.

Што се однесува пак до техничките прописи за практична изградба на телекомуникациските мрежи сметам дека генерално се уредени, но недоволно се прецизирани.

Втората теза или квалификатив е во Предлог-законот за електронски комуникации предвидени се и голем број на одредби што ги штитат

корисниците на јавните телекомуникациски услуги. Имено, операторите и давателите на услуги треба и должни се да објавуваат детални и транспарентни информации за техничкото ниво на давањето на услугите, како и цената, содржината на податоците кои операторите на јавните комуникациски мрежи и услуги се должни да ги објават исто така Агенцијата ги дефинира со свои подзаконски акти. Тука можат да дојдат предвид популарните, времето да се дефинира, времето според кое се воспоставуваат повиците, времето според кое се отстранува одреден дефект на претплатничка линија, односот на невоспоставени повици исто така и како критериум се јавува и времето на чекање од службата за информации и друго. На ваков начин, пропишувајќи ги ваквите критериуми се доаѓа до можност на крајните корисници да можат да направат свој сопствен избор, слободен избор врз основа на квалитетот и цените на услугите што се нудат. Исто така, во општите услови за склучување на претплатничките договори е дефинирана и постапка според која се дефинира начинот за решавањето на приговорите од претплатниците. Операторите и давателите на јавните комуникациски услови се должни исто така да ги информираат крајните корисници за време за ограничувањата, доколку тие траат подолго од 30 минути. Операторите, притоа, не смеат да го ограничуваат пристапот до броевите за итни случаи. Ќе го потенцирам особено и влијанието на јавноста што е пропишано и предвидено со овој закон. Агенцијата и другите државни органи имаат обврска при донесувањето на одредбите, мерките кои се однесуваат за пазарот на електронски комуникации максимално да ја вклучи јавноста и притоа се должни да ги испочитуваат односно да ги усвојат мислењата, да ја почитуваат јавноста со други зборови. Со одредбите во законот исто така е уредено и правото на заштита на податоците на крајните корисници на јавните комуникациски услуги и доверливост на нивните податоци кои се процесираат низ јавните комуникациски мрежи.

Третиот квалификатив Предлог-законот утврдува една рамка за либерализација на пазарот за телекомуникации во Македонија и која со правилно однесување на Агенцијата за телекомуникации со тек на време се доведува до зголемен избор за корисниците на услуги со висок квалитет и со поголемо конкурентно уредување на цените во Секторот на телекомуникациите. Притоа, има и една новина исто така, покрај другите, а тоа е принципот за дефинирање на интерколекцијата со примена на принцип на транспарентност за понудените услови. Во референтните таканаречени понуди се обезбедува да има содржина, информации за техничките специфики и карактеристики на мрежите, условите на користење и други потребни податоци.

На крај сакам да истакнам дека во Законот е предвиден и еден преоден режим кој предвидува поблиските процеси и подзаконски акти што треба да произлезат од овој закон треба да бидат донесени најдоцна шест месеци од стапувањето во сила на овој закон. Новата политика пак за економските услови и статусот за развој на електронските мрежи во Македонија сметам дека се исцело предвидени во законската рамка со уредбите. А, овој закон сакам да потенцирам дека на крај е втемелен на националната стратегија за развојот на електронските комуникации.

И како заклучок, овој закон кој ни се нуди е добро усогласен со правните акти на Европската Унија и според тоа сметам дека предизвикот останува овој закон да го донесеме без позначајни негови измени. Тоа би можело да го направиме со помали измени односно интервентни амандмански интервенирања во законот. Еден ваков пристап ќе стимулира еден раст во развојот на овој сектор, а со тоа ќе се направи една основна законска препоставка за понатамошно социјално мотивирање на интервенциите.

Со вакви разумни дополненија на овој Предлог закон чинам дека може да се обезбеди една конструктивна платформа за развој на Република Македонија и ќе го олесни пристапот на нашава зема кон Европската Унија.

Јас ќе го поддржам овој Предлог на закон.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

Повелете господине Петров, а потоа на ред е за збор пратеникот Абдулаќим Адеми.

**Каме Петров:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван претседателе, почитуван господин министре, колешки и колеги пратеници,

По обичај ретко или никогаш не се пријавувам за дискусија по прашање и предлози на закони кои не претставуваат мој фах односно кои не претставуваат моја материја. Но, овојпат ќе направам еден исклучок, зошто одлучив да кажам неколку реченици од две значајни причини.

Првата причина е што во разговорите со луѓето од оваа фела,добив впечаток дека некој или добар дел од нив имаат одредени резерви меѓу кои и некој од посуштински карактер.

И втората причина е, што кон Предлогот на законот од страна на работните тела на Собранието на Република Македонија поголемиот дел од нив и пратеници се поднесени околу 110 амандмани, со што истовремено се потврдува горе назначената теза. Ваквите односи кај мене предизвикаа или промоцираа радозналост за и јас, но овој пат од мојот аспект да ја спознаам усогласеноста на законот со сродните европски стандарди.

Се обидов да направам само летимична компарација и имав среќа што на Интернет на отворениот сајт веќе е објавен европрашалникот, со дадените одговори, во кој се опфатени одговорите и од оваа тема.

Во прашалникот на 30 па дури и близу 40 страници мислам, се одработени овие одредби, развојот на електронските комуникации и слично. Од оваа споредба, лесно може да се заклучи дека доста одговори од прашалникот веќе за неколку чекори се понапред значи од оваа споредба според мене, лесно може да се заклучи дека доста одговори во прашалникот веќе за неколку чекори се понапред во однос на предлогот на денешниот закон, а некои одговори мислам дури се и во колизија. Станува збор на пример за член 3, за член 6, член 10, за членовите од 30 до 40 и така натаму. Само овие факти зборуваат дека би било многу коректно кон одговорите во прашалникот но и кон целата наша делегација, која што учествуваше во предавањето на прашалникот овие односи да се усогласат. И, ако сум свесен дека сме во цајтнот во поглед на обврските од оваа материја, за нас, значи и ако знам дека сме во цајтнот во однос на оваа материја, за нас пратениците е најдобро денес ова да ни претставувало прва фаза од донесувањето на законот значи расправа по предлогот за донесувањето на законот чија потреба е и е факт или евентуално одлагање од само неколку дена за да може Владата дополнително да ги усогласи отворените прашања.

Се надевам дека и од другите дискутанти, колеги пратеници ќе се потврдат овие мои забелешки и констатации. Затоа сметам дека доволно е да бидам концизен и се надевам дека и конструктивен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам повелете господине Адеми имате збор.

**Абдулаќим Адеми:** Благодарам господине претседател, почитувани колеги пратеници,

Законот за кој дебатираме можеби е еден од најзначајните закони кој треба да се донесе, преку кој се уредува електронската комуникација во целост или како што е познато телекомуникации. Актуелниот закон кој е во сила е донесен во 1996 година и во пракса е покажан како едно решение кое е на штета на граѓаните во прв ред но, и на штета на стопанството на земјата и технолошкиот развој во целина. Затоа потребата за измената на овој закон или донесувањето на новиот закон за електронски комуникации повеќе е од потребно. Од друга страна, обврската за донесувањето на овој закон произлегува и потребата на усогласувањето на нашето законодавство со законодавството на Европската унија и од обврската што сме ја презеле со потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација. Каде ние како земја се обврзуваме да ги имплементираме и хармонизираме законите на Република Македонија со тие од Европската Унија. Од тоа што може да се прочита во текстот на Предлог законот и од говорот на министерот за транспорт и врски може да се констатира дека преку овој закон ќе се постигнат неколку цели и тоа: укинувањето на монополот во областа на електронските комуникации, или либеализацијата на пазарот во оваа област по нудењето за квалитетни услуги за корисниците на овие услуги и тоа што е позначајно за граѓаните е намалувањето на цените за понудените услуги од страна на операторот. Сведоци сме дека во времето на револуцијата во областа на информатиката и големите измени во светот можеби со една непредвидена динамика, граѓаните на Република Македонија се принудени да плаќаат за понудените услуги од операторите во областа на електронските комуникации и тоа најскапи услуги во подрачјето, а можеби и пошироко. Додека кога ќе го споредиме квалитетот на услугите овде во Република Македонија со тие од другите земји ќе можеме да констатираме дека услугите овде кај нас се со еден низок квалитет, додека кај нив се како што реков со многу висок квалитет. Доколку се постави прашањето зошто се случува ова, тогаш можеме да дојдеме до овој одговор. Затоа што едно вакво нешто го дозволува актуелниот закон, Законот за телекомуникации кој е во сила и оваа услуга, или подобро речено оваа награда за да плаќаат поскапи услуги во регионот и пошироко на граѓаните на Републикава им го има подарено минатата Влада на ВМРО ДПМНЕ и ДПА кои за жал денес тие не се присутни во оваа сала. Бидејќи со договорот за продажба на Телекомот во ниту еден момент не се водело сметка за граѓаните, односно на последниот корисник на електронските комуникации. И во 21-от век кога телефонот и интернетот веќе не се луксуз, туку секојдневна потреба и во многуте случаи се и средства за работа, овој луфт не можат да го имаат и граѓаните, бизнисмените, претпријатијата, училиштата, факултетите и многу други во Република Македонија. И ова е една едноставна причина за високите цени на услугите. Додека цените се високи, бидејќи во оваа област сеуште постои монопол.

Предлог законот за електронски комуникации има пробудено голема заинтересираност како во јавноста, но и кај сите допирни страни со овој закон. Дека заинтересираноста е голема го покажува и со учеството во Комисијата за транспорт, врски и екологија се разгледа овој закон, се дебатираше два дена и имаше околу 120 амандмани и тоа поголемиот број од амандманите се поднесоа од акционерското друштво Мобимак, од Космофон и Македонските телекомуникации. Јас сум целосно свесен дека овој закон неопходно треба да се донесе, поради причините кои ги спомнав погоре. Но, исто така свесен сум дека со донесувањето на овој закон ќе се засегнат во прв ред интересите на актуелните оператори кои дејствуваат во Република Македонија. Но, нешто треба да го имаат во предвид и операторите, но и другите кои се трудат на индиректен начин да имаат идентични ставови дека Владата, односно власта и ние како пратеници сме тука за да ги штитиме во прв ред интересите на граѓаните. Затоа мислам дека сите овие движења кои на еден начин можат да се именуваат како притисоци од засегнатите страни од овој закон, не треба да не принудат да се повлечеме од донесувањето на овој закон.

Друга причина зошто  не треба да се повлечеме од донесувањето на овој закон е и директивата на Европската Унија каде што се вели дека Република Македонија треба да ги повлече сите монополи и тука се споменува телекомуникацијата и Окта. Двете овие претпријатија продадени од минатата влада. Со ова може да се констатира и штетата што со овие постапки Владата, минатата Влада ги има предизвикано на Република Македонија, значи со инсталирањето на монополите. Околу изготвувањето на овој закон од страна на Министрството за транспорт и врски има критики дека недостасуваше транспарентноста и дека во оваа постапка не се консултирани стручњаци, ниту актуелните оператори. Јас мислам дека овие обвиненија не држат и на крајот на краиштата мислам дека усогласувањето на ставовите со операторите и ставовите на Владата е тешко да се постигне, бидејќи интересите се дијаметрално спротивни. Доколку Владата се ангажира за либерализацијата на пазарот, се разбира операторите декларативно се согласуваат, но во пракса се случува спротивното. Јас ќе повторам уште еднаш, Владата и ние овде како пратеници треба да понудиме решенија со овој закон кој ги брани интересите на граѓаните. Колку овој закон ќе ги исполнува критериумите за либерализацијата и понудата на квалитетни услуги  говори тоа дека овој закон поминал во експертизата на експертите од ЕУ. Во овој случај можам да цитирам и некои од нив каде од експертите на ЕУ се вели дека законот е добро усогласен со легислативата на ЕУ, посебно во однос на значајните прашања како што е интерконекцијата и пристапот, како и контролирањето на цените. Додека од УСАИД од експертите на УСАИД се вели дека иако можеби се потребни мали корекции. Законот за електронски комуникации одговара на ангажманот на Република Македонија за членство во ЕУ и се имплементирани директивите на Европската Унија. Сите сме свесни дека либерализацијата на пазарот нема да се случи веднаш со донесувањето на овој закон но овој закон е една добра основа за либерализацијата на овој пазар. Иако јас ќе ја поддржам потребата за донесување на овој закон ќе го искористам моментот да укажам на неколку забелешки. На пример како што е членот 13 каде се дефинира начинот на одлучувањето на комисијата. Мислам дека начинот на одлучување треба да биде со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите, а не вака како што е понудено во текстот на овој закон, со мнозинство на присутните членови на седниците. Бидејќи можеме да дојдеме во состојба многу значајни одлуки и решенија Комисијата да ги донесе со два члена од вкупно пет члена колку што брои таа комисија.

Членот 143 каде се предвидуваат казнени мерки со запленување на апаратурата за радиодифузните друштва, во принцип можам да се согласам дека радиодифузните друштва кои не се регистрирани треба да се затворат и да се казнат. Но, запленувањето на апаратурата, на опремата можеби е една екстремна мерка. Овде треба да се предвиди и начинот на чувањето на оваа апаратура. Ова е многу тешко, во прв ред на обемот на опремата, бидејќи станува збор за чувствителна опрема како во однос на транспортот, монтирањето и условите за чување, бидејќи може да дојде до оштета на таа опрема која е многу скапа.

На крајот да нагласам уште еднаш дека донесувањето на овој закон е императив на времето, поради причините што ги спомнав погоре, но и со самиот факт дека со донесувањето на овој закон ќе се стимулираат инвестициите како од земјава, така и од странски инвеститори што во суштина е и целта на Владата и интерес на сите граѓани. Многу значајна причина за донесувањето на овој закон е и фактот, бидејќи во почетокот на неделава Република Македонија ги поднесе прашалниците на прашалникот во Брисел за приемот на Република Македонија во ЕУ каде еден голем број на прашањата во суштина и на одговорите е токму од оваа област. Мислам дека законот за кој зборуваме е една добра основа за либерализација на пазарот за понудата на квалитетни услуги и на крајот и за намалувањето на цената што е интерес на сите нас.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави пратеникот Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитуван колега Адеми, се јавувам за реплика за некои појаснувања околу работата на Комисиајта за транспорт и врски на која што кажавте дека амандмани поднеле само операторите. Амандмани поднесоа и монополската управа, Советот за Радио-дифузија, асоцијацијата на приватни електронски медиуми, управата за класифицирани информации, и некои од тие амандмани беа прифатени како амандмани на Комисијата. Работната група на Комисијата за транспорт и врски која работеше по овие амандмани наредниот ден ги достави на предлог на Комсијата заради појаснување на работата на Комисијата и дека законот се носи, бил под притисок на операторите што воопшто не е точно. Така што голем дел од нивните амандмани и во делот на подготовката на Законот биле разгледувани од страна на Министерството како што сме информирани од Министерството. Дека Законот се носи за граѓаните е точно. Во прв ред приоритети, цел на законот е поефтини и поквалитни услуги, меѓутоа се носи за правна сигурност на субјектите, правните субјекти, домашните и странски инвеститори во државата која е основна цел на Програмата на Владата обезбедување на еднакви услови на домашните и странските инвеститори и поттикнување на странските инвестиции.

И друго прашање кое што го зачнавте е одземањето на опремата каде што има амандман Комисијата за транспорт и врски на дивите радиодифузери. Точно е дека опремата е скапа на радиодифузерите кои што на диво работат во Република Македонија, меѓутоа време е со таквата интервенција во законот, одземањето на

опремата ќе дискутирам повеќе кога ќе дојде амандманот. Меѓутоа, кога некој инвестира во скапа опрема, ред е тој согласно позитивните законски прописи да се регистрира во државата како што се регистрирале легалните радио-дифузни друштва. Така што дивите радиодифузни друштва треба согласно законските прописи да се регулираат. И мислам дека оваа интервенција во Законот која што е амандмански на Комисијата за трнспорт и врски треба да се прифати од аспект и самите радиодифузери ризикот за инвестирање во радиодифузијата треба сами да го преземат, а начинот на чување на опремата е предвиден во предлогот на амандманот кој што јас го предложив на Комисијата за транспорт и врски.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Абдулаќим Адеми.

**Абдулаќим Адеми:** Благодрам господине претседател, сигурно дека станува збор за недоразбирање, бидејќи јас спомнав дека имаше еден голем број на амандмани на самата Комисија и поголемиот број на амандмани беа од страна на операторите. Космофон имаше 36, Мобимак 34, и околу 28 од страна на Македонските телекомуникации, значи поголем број е од операторите. Во однос на тоа што го спомнав околу притисокот, јас реков дека не треба да се повлечеме од притисокот што го вршат операторите, бидејќи со овие амандмани на еден начин имаше и притисок и се разб ира дека интересот на операторите е и понатаму да постои монополот, додека наш интерес и на граѓаните е да нема монопол и да се либерализира пазарот, значи интересите се спротивни. Сведоци сме дека граѓаните на Република Македонија плаќаат највисоки услуги во регионот. Додека раководителите на тие компании се шетаат со најскапи и најлуксузни возила.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Ејуп Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, денес пред нас имаме еден закон кој според мене има посебно значење, затоа што со него се регулира областа на телекомуникациите во Република Македонија, област која досега како што сите знаеме е регулирана со законот за телекомуникации кој е донесен во 1996 година и кој неколку пати досега беше менуван. Ние сме свесни дека тоа го знаеме, затоа што токму овој состав на Собранието ја направи последната измена со која беше укинат монополот кај кабловските телевизии. Со оглед на фактот дека овој закон неколку пати беше менуван, дека сите сме свесни за потребата дека треба да се донесе еден нов закон, а тоа е и денес случај, Предлогот за донесување на закон за електронски комуникации треба да се поддржи затоа што тоа претставува и обврска за Република Македонија која произлегува од Спогодбата за стабилизација и асоцијација каде се истакнува неопходноста за имплементација на европското законодавство во областа на телекомуникациите, посебно во однос на укинување на посебните и ексклузивните права на јавните претпријатија и другите претпријатија од оваа област.

Почитувани колеги, законот за електронски комуникации кој ние денес го разгледуваме мислам дека е еден добар закон кој ќе воспостави нови начела и правила на пазарот на електронска комуникација. Мислам дека со донесувањето на овој закон ќе имаме трансформација на условите на сегашната работа, на досегашниот систем на телекомуникациите, односно посебно во однос на монополот и транзиција кон еден пазар каде сите ќе се ангажираме односно пазар на либерализација и пазар на слободна конкурентност со што се обезбедуваат услови за слободна конкуренција, отворен пазар на електрокомуникации каде се овозможува отворање нови можности на домашни и странски инвеститори за што несомнено сите ние се ангажираме. Со донесувањето на овој закон значајно е да се истакне дека ќе се постигне либерализација на пазарот за фиксната телефонија, затоа што со влегувањето во сила на овој закон ќе се овозможи отворање на еден тендер, распишување на тендер за втор оператор на фиксната телефонија. Но, исто така треба да се истакне дека бројот на операторите на фиксната телефонија нема да биде ограничен.

**Ејуп Рустеми:** (Продолжение) Исто така треба да се истакне дека бројот на операторите на фиксната телефонија нема да биде ограничен.

Длабоко сум убеден дека со една ваква либерализација на пазарот на фиксната телефонија, ќе имаме и намалување на цените на фиксната телефонија, а се согласуваме дека во моментов во Република Македонија имаме највисоки цени во Европа. Со една ваква либерализација која е предвидена и со овој предлог закон, либерализација на електронската комуникација, сигурно дека ќе имаме и намалување на цените за користење на интернет што претставува неопходно средство за комуникација, во овој век во кој живееме. Кога говориме за интернет ние многу добро знаеме дека претставува средство што е неоспорен дел и кој денес е најкористено средство за комуникација. Меѓутоа цените во Македонија, моментално, претставуваат една од пречките заради која граѓаните на Република Македонија не можат најдобро да го искористат ова средство, а постојано се зборува за нови проекти, постојано се зборува за транспарентност на Владата и на владините институции, а говориме за проект како што е електронска влада и транспарентност на комуникациските средства каде сите граѓани ќе имаат слободен пристап. Заради сето ова е од посебно значење донесувањето на овој закон кој ќе овозможи либерализација на пазарот.

Тоа што го гледаме во овој закон, можеме да кажеме дека тој претставува една рамка и обезбедува услови за влегување на нови оператори и на поефикасна конкуренција која е обработена во петтото поглавје каде се определуваат условите за оператор, како и одредбите со кои се дефинира релевантниот пазар од страна на Агенцијата.

Од посебно значење за една ефективна конкурентност, несомнено се и одредбите со кои се определува и интерконекцијата.
Исто така, во однос на овој закон треба да се спомне и Агенцијата за електронска комуникација која е составена од една комисија од 5 члена и од директорот, за регулирање на пазарот на електронската комуникација. Кога говориме за тоа треба исто така да се спомне тоа што беше спомнато и од мојот колега дека имаме дилеми околу работата односно утврдувањето на оваа комисија која се знае дека е составена од 5 члена кои се именувани од Собранието на Република Македонија Меѓутоа во членот 13, параграф 3 се вели дека одлуките на комисијата може да се донесуваат и со два гласа, кога во него има само 4 члена каде одлучувачкиот глас ќе биде оној на претседателот на комисијата. Јас тука имам дилеми и имам сомнежи околу едно вакво одлучување, дали може воопшто да се нарече демократско одлучување, затоа што, како што знаеме претседателот на оваа комисија е и член на оваа комисија и тој е избран исто така како и другите членови, од страна на Собраниеот на Република Македонија Затоа, не знам кои се причините да можеме да му дадеме една таква моќ на претседателот на оваа комисија. Од овие причини ние во Комисијата за транспорт и врски дискутиравме и предложивме еден амандман. Јас верувам дека минситерот за транспорт и врски треба да размислува во тој правец и да се изнајде еден подемократски начин на одлучување, со цел сите 5 члена да бидат неопходно присутни кога ќе се одлучува во рамките на оваа Комисија. Во целина можам да кажам дека еден ваков закон може да се подржи. Мислам дека со донесувањето на овој закон ќе се создадат услови за еден поширок економски развој, услови за зголемвуање на странските инвестиции што може да се оствари преку комуникацијата на домашните и странските инвестиции. Несомнено на овој начин ќе се обезбеди и подобар квалитет на образованието во целина, во Република Македонија.
Имајки го предвид сето тоа што го кажав, јас на крај би сакал да ја поздравам Владата, посебно Министерството за транспорт и врски, за еден ваков Предлог на закон.Благодарам.
**Љупчо Јордановски** Благодарам господине Рустеми.
Господине Рафис Алити да немате реплика?
Повелете, процедурално имате збор.
**Рафис Алити:** Барам еден час пауза во име на парламентарната група на ДУИ, поради внатре партиски консултации.
**Љупчо Јордановски:** Вие имавте пауза од половина час и не можам да ви дадам, заради консултации. Еднаш дневно се добива пауза.
Има збор господинот Макрадули.
**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги и колешки пратеници, Обично, кога се пдоготвуваме за настапите во Собранието, мислам на оние кои си ги подготвуваат настапите, има и некои други што читаат по некогаш, се обидуваме да цитираме некои познати личности или лица и обично одиме многу далеку за да си дадеме некој вовед во дискусијата и во излагањето. Јас нема да отидам многу далеку, ќе го цитирам еден од сопствениците на компанијата ОН НЕТ, господинот Предраг Чемерикиќ кој на годишнината од својата компанија, на јубилејот рече, ние ја основавме компанијата сонувајки за оваа година. Јас апсолутно ќе се согласам со него. И јас долго време, професионално сонувам за оваа година, бидејки и јас сакам да плаќам цена пониска, сакам да зборувам за исти пари еден час, а не како што е сега случај, една минута. Сакам, некоја слика што ќе ја направам некаде низ Европа, да ја пратам како ММ Фроминг во Скопје или во Македонија. За жал тоа сеуште не можам да го направам. Веројатно сме единствената земја во Европа што тоа го нема. Или пак, како што за мојот претставник во Лондон, без проблем на интернет ги гледав вестите на А-1 и Канал-5, преку интернет.
Дека не станува збор за обична работа, се виде од експозето на министерот кој зборуваше најмалку за законот, зборуваше за нешто што се трудиме во Македонија да го направиме, или да тргнеме по тој пат, а тоа е патот на информатичкото општество. Можеби јас ќе си дадам малку вовед или слобода да зборувам и за тоа малку повеќе, согласно настапот на минситерот кој, за жал повеќе личеше дека е тоа отварање на денешното, да речеме конференција или нешто друго, не на експозе што треба да го направи овде во Собранието и да не увери дека овој закон е добар и треба да го донесеме.
Новата рамка и дефинирањето на рамката за електронските комуникации е клучната раскрсница што Македонија треба да се реши да ја направи. Ние мораме да бидеме свесни дека патот и развојот, пред се економскиот, на Република Македонија е цврсто врзан со развојот и патот кон информатичкото општество. Затоа мораме, и минситерот требаше тоа да го нарпави, подецидно да ги каже оние одредби кои ќе ја олеснат цела оваа работа. Но, за жал денес не слушнавме, а за уште поголема жал, од неговите соработници слушнавме лоши најави за време на јавните дебати. Недозволиво е вработените во Министерството за транспорт и врски да кажуваат на јавните трибини дека, безразлика што ќе го доенсеме овој закон условно ќе почне реализацијата, ама за вистинска ќе треба да причекаме на крајот на годината. Не, господине министре, јас тоа на крајот ќе ви го повторам уште еднаш, лесно можете од минситер на месецот да станете МВП министер на годината. Само со бришење на еден член, кога ќе се вратите во вашето Министерство, вие ќе можете да ја почнете либерализацијата. Тоа ќе ви го кажам на крај и ќе ви го препорачам да го направите. Затоа треба да имамем предвид што е она што е приоритет во Европската комисија, а приоритет во Европската комисија е развојот на инфорамтичкото општество и тука ќе се согласам. Но, дека тоа не е работа на минситерство, туку е работа на една цела група на луѓе или систем,

најдобро го кажува фактот што претседателот Барлосо е лидер на групата која треба да ја продолжи стратегијата дефинирана во Лисабон во 2000 година, а што треба сега во мај да се дефинира со новиот акционен план 2005-2010 година. Затоа не случајно успешните примени на законите за електронски комуникации или информатичко општество, се водени  или од премиерот, или од претседателот на државата. Тука треба посебно да внимаваме.
За жал, она што во Европа беше зацртано во 2002 година, ние некако доцниме со целата таа работа, пред се од ексклузивната позиција на компанијата Македонски телекомуникации. За тоа ќе зборувам малку подоцна. Она што ме радува е вашата определба за брз развој на интернетот како услуга. Реков тоа можете веднаш да го направите, исто една препорака што ќе ви ја дадам на крајот.
Уште во 2002 година Европската комисија со Лисабонската стратегија заклучи дека економскиот развој на Европа исклучиво зависи од примената на интернет технологијата. Како последица на таа стратегија, во Европа има голем број нови работни места. Сите школи се поврзани на интернет, а повеќе од 80% на граѓаните им се нудат широко-појасни или броудбенд инфраструктурни мрежи на кои тие можат, не само да пребаруваат некои страници, туку да го прават и својот бизнис. Затоа дефинирањето и успешноста на дефинирањето на рамката на електронските комуникации е топ приоритет во Европската комисија. Затоа госпоѓа Рединг, еврокомесар за информатичко општество и медиуми го истакна и тоа во своето излагање, а посебно го потенцира на Самитот на Мајклсофт во Прага, на 31 јануари. Таа во своето излагање вели дека ќе ја искористи цела своја моќ, регулаторна моќ што ја има како еврокомесар, да им укаже на земјите кои доцнат во инплементирањето  на европските препораки и директиви. А дека Европа, условно, и не се игра, не се расфрлува само со изјави, укажува и фактот што 9 земји членки се пред Европскиот суд на правдата дадени, затоа што споро ги имплементираат директивите дадени од директивите за електронски комуникации и тоа не било кој. Тука на листата на обвинети се: Германија, Франција, Белгија, Холандија, Португалија, Грција, Шведска, Луксембург, Финска, кој го пропуштил крајниот рок, кој што можеби и не сака да имплементира некои работи. Последните вести кажуваат дека заради политиката на цените што ја води Германија и нејзината компанија ДОЈЧЕ Телеком, има јасни укажувања и критики од Европската комсија, дека не е возможно граѓаните на една земја членка да плаќаат многу поефтино кога се во една земја или во повеќе земји, освен во Германија каде што цените на услугите се многу поголеми. Европската регулатива за електронски комуникации дефинира 4 елементи и тоа: регулатива за агенциите или кој е тој регулатор што ќе биде, што има клучна улога мислам во целиот процес, авторизацијата,односно редуцирањето на начините или на формалностите како да започне некој нов бизнис од оваа област. Пристапот или интерконекцијата за кој зборуваа повеќе мои колеги и универзалниот сервис односно правилата и процедурите за преистап кои треба да се дефинираат. Заради комплексноста понекогаш оваа одредба, посебна одреба е со мало задоцнување во временското исполнување и се очекува дел од проблемите да бидат надминати со ново редефинирање на оваа директива што е за универзален сервис.
Инаку процесот на либерализација на телекомуникацискиот пазар и услуги започнува во Англија  пред 20 години, и различни држави поминале низ различни фази и земале различно искуство. Мислам дека она што нас ни е преднос како мала држава и како една од земјите кои во последен момент го прави тоа е да учиме од другите и да учиме од искуствата и знаењата на другите и она што и вие го викате во законот, светска пракса, или искуството од европските земји. Но, едно е сигурно. Либерализацијата на пазарот бара планирање и поради тоа потребни се консултации со сите учесници во процесот, јасна слика за целите и пред се политичка визија но и храброст да се почне процесот и да се продолжи кон остварувањето на поставените цели.
Мораме да сватиме дека градењето на цврсти темели и цврста примена на препораките од Европската комисија и директиви, коирист од тоа ќе имаат сите граѓани и бенефиции ќе имаат сите граѓани и компании во нашата земја, посебно генерациите што доаѓаат после нас, зборувам за блиска иднина. За жал во Европа сликата е секаде иста. Големите државни телеком оператори си создале и природно е тоа, со поседувањето на мрежата и на процентуалната застапенсот во услугите што ги нудат, добиле голема моќ, големи приходи и често биле користени како извор на средства што го користеле владите или државите во минатото. Затоа процесот на либерализации тоа мора да го има превид и за тоа ќе зборувам малку подоцна.
Кои се целите на либерализацијата: целите на либерализацијата можеме да ги групираме во 6 кратки точки и тоа, тие ќе привлечат нови инвестиции, ќе ја надградат националната инфраструктура, ќе отворат и ќе понудат нови работни места, ќе придонесат за подобрување на универзалниот пристап, ќе бидеме сведоци на воведување на нови услуги и  сервиси, а со тоа и ќе ги стимулираме иновациите во нашата земја.
Зошто зборуваме дека ќе дојде до економски раст? Сите студии, сите анализи покажуваат дека развиените земји, со повисоко ниво на поврзаност значајно ги надминаа останатите, посебно во почетокот на деведесетите години, пред се заради тоа што сватиле дека побрзо тоа треба да го направат, сватиле дека патот за економски развој  на државата е патот кон информатичкото општество и затоа го префрлиле бизнисот, трговијата, едукацијата на полето на електронските комуникации, со помош на интернет технологијата, го подобриле своето

здравство, со еден збор му дале нов квалитет на животот на нивните граѓани.
Зошто велам дека има нови инвестиции? Затоа што градењето на телекомуникациона мрежа е скап процес и претставува една од најкапиталните инвестиции во 21-от век, значи транспортот, комуникациите и енергијата се најдоминантни сектори во кои нови инвестиции можеме да гледаме и кај нас, во идна перспектива. Ние мораме да создадеме услови да ги натераме новите играчи кои ќе дојдат, не само да ја користат постоечката мрежа, туку да ги натераме да направат алтернативна мрежа и за тоа треба да им обезбедиме услови.

**Јани Макрадули: (Продолжение)**

Зошто нови работни места? Сите искуства покажуваат дека либерализацијата води кон создавање на нови работни места, бидејќи постоечките оператори и оние нови играчи што ќе дојдат ќе се борат кој повеќе конкуренција, услови да наметне, а со тоа ќе сакаат да привлечат кадри кај себе кои ќе можат и да ги направат тие услуги и да можат да ги понудат на граѓаните на Република Македонија.

Во целата оваа работа, покрај економскиот раст, многу е битна ефикасноста на економијата или како цел многу значаен. На очиглед на целна конкуренција во областа на телекомуникациите е постигнување на ефикасноста, бидејќи имаме пониски трошоци, особено за интерна-ционалните, меѓународните разговори, исто ќе биде и за многу скапите изнајмени линии. За жал, да не зборувам за брзите линии кои никако не можеме да ги понудиме онака како што треба и како што е ред.

Покрај тоа, ефикасноста ќе се зголеми и од поголемиот број странски инвестиции, бидејќи реков телекомуникациите како сектор, инфоматичкото општество како визија е интересна гранка, модерна гранка во која денешните инвестиции се најбројни и многу пари се вложуваат во сето тоа.

Да не делувам, односно да не одам во некои потехнички експликации, да ги сублимирам овие работи што ги зборував досега во однос на либерализацијата. Кои би биле бенефициите?

Сигурно би имале пониски цени, особено за меѓународните разговори и тоа можеме да го имаме од денеска попладне, ако сака министерот и ако тоа го сака Владата. Не само за граѓаните, туку многу поефтино ќе им биде и на нив. Ќе имаме нови иновативни услуги со поголем број на сервиси, но со поголем квалитет и со поголема сигурност. Ќе имаме поголеми странски директни инвестиции, бидејќи сите се заинтересирани да вложат во областа на 21-от век и на технологијата на 21-от век, ќе ја зголемат достапноста на државните информации или информациите од јавен карактер, за што донесовме закон, спрема граѓаните, граѓаните на еден начин ќе живеат многу поквалитетно, ќе чекаат многу помалку, ефикасноста не само на нивниот живот, туку и на нивниот бизнис што го прават, ќе биде многу поголем.

Она што е предизвик на либерализацијата, ќе треба да сватиме дека можеби да дојде до намалување на некои работни места само во дотогаш доминантниот монопол од областа на Телекомот и дека веќе Телекомот не треба, како што се вели, крава за молзење на која била навикната државата многу години наназад.

Кои се препораките и како да се стигне до таа либерализација или кој е тој оптимален пат по кој треба да одиме?

Прво, мора да се добие поддршка од највисоко политичко ниво. Јас реков има многу примери во Европа и светот каде лидер на либерализацијата е или премиерот или претседателот на државата. Мора да се постават чисти и јасни политики и процедури. Значи, една е законската рамка, тоа е што денеска го имаме на дневен ред да се ратификуваат или да се напишат или да се потпишат многу билатерални или мултила-терални договори и многу е значајно тимот кој ќе ги спроведува реформите да остане лојален на целите на реформите. Да не лавира уште на почеток, па еден ист амандман да го поднесуваме или да го враќаме назад, денеска во 11,25 часот повторно имаме амандман од Владата кој е исто неупотреблив.

Концептот што го имаме од почеток, знаеме дека е болен за некои работи, но треба да го изодиме тој пат. Доколку го изодува еден ист тим подолго време, ќе биде уште поуспешен.

Мора да ја одредиме временската рамка на тој пат. Се знае дека некои процеси не можат да почнат веднаш, но има некои процеси, сервиси кои спаѓаат во т.н. (велјуедит) сервиси кои можеме да ги примениме уште од утре. На тој пат еден од клучните чекори е воспоставувањето на независен регулатор.

Сите овие работи што ги зборувам се обидувам да ги решам онака како што јас мислам да ги подобрам, да го подобрам предлогот од Владата со амандманите што ги имам поднесено.

Значи, воспоставување на вистински независен регулатор. Регулаторот има две клучни функции. Покрај што треба да ја имплементира законската одредба, треба да напише многу или да донесе многу подзаконски акти во соработка со Министерството за транспорт и врски кои треба да се прилагодени во однос на реалната состојба на теренот.

Ние можеме да донесеме идеален закон, самиот почеток наликуваше така, различни интересни групи работеа на донесувањето на овој закон. Освен што имам замерка што таму немаше директно претставници од факултетот од каде доаѓам тоа е Електротехничкиот факултет како институција потврдена, реномирана. Тоа е единствен Електротехнички факултет во државата, мислам дека ќе дадеше свој придонес во целата работа.

И покрај таа имплементација регулаторот има уште една функција а тоа е да претставува судија, иако е малку тежок збор, туку медијатор за менување на разликите помеѓу играчите на пазарот и понекогаш да донесува одлуки кои мора играчите на пазарот да ги почитуваат и применуваат. Затоа тој независен регулатор треба ние да понудиме да има авторитет и моќ. Значи, тој треба да биде независен не само во своето поставување, треба да има комотна позиција во администрирањето и секојдневната работа. Значи, мораме да го направиме таков да биде ослободен од сите притисоци, да регулира, но кога ќе треба и да казнува. За жал, во овој момент имаме ситуација каде некој друг си ја презема улогата дека е регулатор на телекомуникацискиот пазар во нашата земја, а тоа е Македонски телекомуникации.

На регулаторот мораме да му обезбедиме финансиски извори и автономија, да го опремиме со доволни ресурси за да може тој да биде ефикасен. Тој треба да биде независен, но и поткован со знаење. За жал, немавме такви искуства во минатото, во еден изминат период, мислам дека сега ситуацијата е малку поинаква, имаме квалитетни луѓе во Управата за телекомуникации, но треба да ја надоградиме со луѓе со квалитет и знаење кои ќе можат да дадат свој печат, свој придонес на развојот на една од најзначајните области на 21-от век. Не се согласувам со мојот колега Каме Петров дека ова не му е тема, напротив, би било убаво кога што повеќе правници и економисти би биле вклучени во ова. Затоа не случајно јас сум го дал амандманот и за зголемување на бројноста на комисијата, но и за квалитетот на луѓето што треба да бидат таму, бидејќи, за жал, реалноста во Македонија е таква. Како среќа повеќе правници и економисти да беа вовлечени и да имаа пет годишно искуство во оваа област. Затоа мислам дека е ова теме од која сите ние имаме корист и сите ние треба да уживаме во тие придобивки. На тој пат кон либерализацијата мора да се постават заштитни механизми за компетитивност и конкуренција. Тука ги имаме препораките од Европската унија, од Светската трговска организација и веројатно клучниот чекор кон целиот тој процес е лиценцирањето.

На два пати во ова Собрание Предлог на закон од опозицијата - Закон за телекомуникации каде што сеуште се заговараше концептот на концесија, па последниот пат ни беше понуден концепт на избор на убавица итн и тука министре ќе ве прашам што мислите зошто во овој момент опозицијата нема ни еден амандман на вашиот предлог. Прашајте се зошто е така, размислете, прашање е и до Владата зошто некој што две години на три пати ни нудел Закон за телекомуникации кои на прес конференции го напаѓаат предлогот, а не поднеле ни еден амандман. Јас знам зошто, вие со Владата договорете се зошто е тоа така.

Реков лиценцирањето е еден од клучевите за успех на овој процес и за поефикасно имплементирање на либерализацијата. Принципот за лиценцирање и авторизација треба да биде објективен и недискринаторски. Треба да биде транспарентен. Бројот на лиценци треба да биде неограничен, освен во случаеви кога станува збор за лимитирани ресурси, како што, за жал, во овој момент е секторот во кој се мобилните оператори. Тој е поделен на два дела со различен процент и сега кога сака некој нов да партиципира, тоа спаѓа во критични ресурси, ќе треба процедурата да биде поинаква. Треба да имаме јасни критериуми и методологии за висината на надоместоците, лиценцата која треба да се базира на објективни критериуми се со цел да се поттикнува компетитивноста. Да ги ослободиме од сите рестрикции странските инвестиции што се во овој момент, а и што евентуално би се појавиле. Мора да им понудиме слободен, достапен и многу низок по цена интернет на граѓаните на Република Македонија.

Кои се клучни фактори за успех на целиот овој процес при имплементацијата на законската рамка или концептот на либерализација?

Прво, мора брзо да дејствуваме. Доцнењето е прво и најголем непријател на либерализацијата. Да не се плашиме од грешки. Треба да тргнеме во овој процес, тие грешки можеме да ги поправаме, но битно е да тргнеме.

Треба да му понудиме кредибилитет и независност на регулаторот, значи политички кредибилитет, да не зависат, да има поддршка од највисоко ниво од Владата, но да бидат независни во процесот на опслужување, одлучување, ослободени од одлуките на Министерството за транспорт и врски каде досега припаѓаше, условно кажано, регулаторот.

Технички кредибилитет, значи да го подигнеме нивото на човечките ресурси во регулаторот и тоа не само со инженери туку и со правници, економисти и други струки кои придонесуваат за поголемо ниво на знаење во самата агенција.

Мора да има етички кредибилитет. Не може, за жал, ние во Македонија често ни се случува да ги губиме квалитетните кадри во државата, или државните институции да ги губат најквалитетните кадри во борбата или понудите со операторите. Ние имаме незавршен процес за спор за АДСЛ за броевите 0,55 што се караат провајдерите со Телеком и со доскорешната монополска управа, но клучниот човек што го води тој процес преоѓа во Телекомот. Тука нема што да го обвинуваме, туку треба да најдеме механизам како да обезбедиме еден тим кој подолготрајно ќе работи во целата работа.

Мора да воспоставиме баланс при одредување на лиценците. Изворите на средствата за лиценците треба да се користат за зацврстување на регулаторот, а не за покривање на буџетски дупки. Тука можеби малку од мојот колега и по професија и професионален беграунд Драган Ѓорѓиев можеби нема да се согласам малку. Регулаторот треба да има толку пари колку што му треба за работа. Тој не е профитна

организација, тој не може да остварува екстра пари, па да се секираме каде тоа ќе го направи. Планот колку пари тој ќе направи треба да биде добро осмислен на почетокот и треба да се базира врз база на критериуми, методологии итн. Ние изгубивме две години овде, опозицијата не напаѓаше дека го немаме тој механизам на одредување на надоместоците, бидејќи Уставниот суд поништи една одлука донесена од страна на министерот, го донесовме тој закон и сега вие го немате во вашиот предлог. Кој ќе ги одредува надоместоците? Дали тоа ќе биде Агенцијата, дали тоа ќе биде Владата или тоа треба да го прави Собранието.

Се покажа дека со последната претставка до Уставниот суд од страна на некои оператори за утврдување на бројот на бодовите за пресметката на висината на годишниот надоместок за користење на радиофрекфенции или за надзор и мониторинг е одбиено нивното барање, бидејќи Уставниот суд оценува дека Уставот го регулира прашањето на третманот на природните богатства, добрата за општа употреба и односите на државата кон овие вредности кои можат да се отстапат на користење на начини утврдени и услови утврдени со закон.

Имајќи предвид дека радиофрекфенциите се ограничен природен ресурс со кој управува државата и истите може да ги дели на користење односно да ги даде под концесија, согласно начинот и условите утврдени со закон, произлегува дека за користење на ова јавно добро се плаќа надоместок. Право на користење, во овој случај радиофрекфенциите на пример не значи јавна давачка, туку надоместок кој досега концесионерите, а во иднина играчите, операторите, треба да го платат за користење на овој природен ресурс.

Она што е битно во тој фактор на успехот е дека треба да се одреди крајната цел. Што значи тоа? Дека Владата треба во услови за воведување на лиценцата да ја има претставата што сака да добие за 4 години или за 2 години или за 3 години.

Еден тим на луѓе кои ја подготвуваа националната стратегија за информатичко општество смета дека до 2007 година во Македонија ќе имаме 30% интернет. Можеби грешиме, можеби не, но битно е на овој пат и на начинот и во визијата кога сакаме да ги одредиме надоместоците и да знаеме колку и како ќе го отвараме пазарот, тоа да го направиме со визија што сакаме и колку очекуваме да добиеме. Притоа на тој пат воопшто да не ја спомeнеме технологијата. Значи, ние треба да направиме процедура ослободена од технологија која ќе ги привлелче сите технологии на работа во електронските комуникации или информатичката технологија.

Неколку пати досега нагласив дека појдовен критериум во либерализацијата на телекомуникацискиот сектор е создавање законски предуслови за влез на нови играчи на пазарот. Притоа се тргна од фактот дека во секоја земја, тоа не е случај само кај нас, постои некоја компанија, бидејќи така било во минатото, која има значителна пазарна моќ или ексклузивитет кој некој му го дал. За жал, Европа доцнела во тој процес во однос на САД. САД пазарот на телекомуникации и развојот на телекомуникации им го дале на компјутерџиите и многу побрзо се развиле на сметка на Европа која сеуште конзервативно се однесува и сега конзервативно се однесува во однос на пазарот на телекомуникации.

Затоа споредбата со САД, Јапонија е поразителна за Европа и затоа таа се решила како стратегија за развој на Европа не само на телекомуникациите и не само на информатичкото општество да ја напише Лисабонската стратегија дека развојот на Европа се базира, значи информатичкото општество е алатка за да добиеме економија базирана на знаење, за да добиеме поквалитетни кадри и позадоволителни граѓани во Европа, а таму сакаме да одиеме.

Затоа ексклузивитетот нема да се изгуби со овој закон. Ексклузивитетот е изгубен со членот 70 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација што ја потпишавме и што е ратификувана, бидејќи таму се повикува на членот 86 од Договорот за создавање на Европската унија каде се дефинираат ексклузивните права и правата на конкурентност во Европа. Бидејќи ние одиме таму, тие работи мораме да ги почитуваме. Затоа не е доволно, покрај елиминирањето на ексклузивитетот, значи со овие законски решенија ние мораме да создадеме услови за контрола, регулирање на доминантниот оператор, бидејќи самата елиминација на ексклузивитетот нема да донесе втор, трет или четврт оператор. Мора да бидат исполнети други услови, државата мора да ги заштити потенцијалните нови оператори кои би навлегле на пазарот од евентуално можните злоупотреби на компанијата со евидентна економска моќ. Реков дека има огромно пазарно учество, сопственик е на единствената мрежа итн.

Ова не е пример само кај нас, сите држави се мачеле да стигнат или да го решат тоа. Од една страна имаме компанија со огромна финансиска моќ со доминантна позиција на пазарот ги контролира 90% од услугите. Има огромен број на вработени.

**Јани Макрадули: (продолжение)**

Од друга страна ги имаме европските принципи. Имаме постојни други оператори, интернет сервис провајдери. Имаме четврта група на кандидати кои сакаат да дојдат во нашата земја. Ниту една држава не донела закон што ги задоволила сите четири. Ваше е, на Владата или на вас и на Владата е да одбере кое од тие три ќе ги задоволи, бидејќи неможете да ги задоволите и доминантната компанија со значителна пазарна моќ и постојните интернет сервис провајдери и новите сервис провајдери и законите на ЕУ-регулацијата и затоа имате проблеми со амандманите. Ги давате па ги повлекувате. Затоа што не постои идеално решение што ќе ги задоволи четирите страни.

Затоа, во сите држави е проблем, заради огромната финансиска моќ и огромното влијание што го имаат државните или потоа најлошото, приватизирани монополи, бидејќи пострашно од државниот е само приватниот монопол, да можеме да воспоставиме нови односи. Тие ќе ја кочат работата, ви гарантирам, Од вас зависи, од нас зависи на кој начин ние ќе го имплементираме вториот дел од регулаторот, односно како државата ќе ги штити новите. Бидејќи самите сте свесни дека граѓаните и не се баш задоволни од првиот начин како беше приватизирано и од она како тие ги плаќаат услугите и колку високи услуги плаќаат спрема операторот со значителна пазарна моќ.

Затоа, ваквата, практично, комбинирана либерализација што треба ние да ја направиме и нејзината успешност се базира на неколку услови:

Прво, тоа е отвореност на телекомуникациските мрежи, односно конкуренцијата и она што вие го кажавте во вашето излагање, објективноста, оправданоста и недискримираноста да бидат основни принципи на кои што ќе се темели отвореноста на телекомуникациските мрежи.

Но, интерконекцијата помеѓу две различни мрежи мора да биде брза, регулаторот да инсистира на брза понуда од операторот со значителна пазарна моќ, имаме и во однос на двата мобилни, да ги кажат условите по кои што може да дојде до интерконекција, за да можеме да привлечеме и нови странски инвестиции, нови компании да дојдат на нашиот пазар и граѓаните да можат да изберат како и со кого ќе разговараат.

Втор услов, многу значаен е услогата на регулаторот како посредник, медијатор во договарањето на преговорите околу интерконекциите или некои други услови што се дефинирани во законот.

Законската основа е добра, но мислам дека треба да се допрецизираат некои работи. Цените на пристап на мрежите треба да кореспондира со реалните трошоци. Европските искуства кажуваат дека компаниите со значителна пазарна моќ знаат да дадат некогаш превисока цена , со тоа ќе ги одбегнат инвеститорите или пак ќе дадат премногу ниска цена за да може да дојде некоја полоша компанија која ниту сака да развива, туку само сака да ги користи и изнајмува мрежите од операторот со значителна пазарна моќ и само да зема профит.

Цената на пристапот мора да биде како што се вели кост ориентир, значи трошковно ориентирана и на тој начин мислам дека ќе бидеме многу поефикасни. За жал, има уште многу нерешени и сега во овој момент имаме Закон за телекомуникации и сега во овој момент имаме Управа за телекомуникации и сега постојат законски обврски. До сега имавме монополска управа што се обидуваше да регулира некои односи помеѓу некои оператори и операторот со значителна пазарна моќ или Телеком За жал сеуште не е завршен процесот на издвоени сметки за интернет услугите и ако сакате да го поттикнете инернетот, како што велите во вашето излагање, спроведете ја одлуката на монополската управа. Ништо друго не треба да направите. Ако Монополската управа има донесено одлука дека Телеком го злоупотребува тоа и услугата што им ја дава наводно на некоја друга компанија МТ-НЕТ, а тоа нели иста компанија, истото тоа трегба да им го понуди и на другите оператори. Монополската управа има донесено одлука, но никој не ја спроведува. Тогаш граѓаните повторно ќе бидат задоволни од вас.

Бидејќи лесно е, лесно или тешко е да браните, да нудите огромна дивиденда или да браните дивиденда. Нелогично е кога таа дивиденда е 100% -на од приходот на Компанијата. Не постои компанија во свет, без разлика дали се работи за пиљара или за АИТ Компанија или Компанија на свемирски летала што целиот приход го дели за дивиденда. Не постои тоа.

Она што е доблесно во овој момент е луѓето од Телеком да признаат дека нивниот скапо платен роад то суццесс постоцакцас не успеа и очигледно сакаат одолговлечувањето на целиот процес да го направат на некој друг начин.

Затоа е тука улогата на државата, со формирањето и давањето на привилегии, независност и моќ на регулаторот, тој да ги средува тие работи. Затоа е чудно, можеби некому е чудно како тоа Германија дава 40% од приходот само за развој на интернет, а оваа Компанија сака да го подржи развојот на интернет, ама целиот приход што го направи го дели на две страни. Не постои таква компанија и ние знаеме дека, за жал, после приватизацијата на државниот Телеком добивмме повисоки цени, не ја добивме онаа квалитетна услуга што требаше да ја добиеме, граѓаните се незадоволни и затоа дивидендата е една страна, колку е губитокот на компаниите и на другите институции со таквото ниво на цени.

Инаку, европската пракса кажува дека Белгија, на пример, 55% троши на дивиденда, Шпанија 56,8% итн. За жал, Телеком цело ова време води политика на стационарен развој, со одлив на профитот без вложувања во ресеарцх анд девелопмен без вложување во стипендии, како што беше порано пријмер, многу студенти на Електротехничкиот факултет живееја и се надградуваа стипендиите на Телеком. Цел авион се носеше на саем во Хановер, но такви работи нема, бидејќи профитот е единствениот критериум според кој што тука се работи.

Затоа, поттикнувањето на информатичкото општество, а и интернетот како предуслов, мислам дека можеме да го направиме и со други мерки и механизми што ви стојат на располагање.

Има уште една нелогичност што во овој момент во ова излагање еднаш ја спомнав и сега ќе ја повторам. Тоа е лшто некој си дава за право во исто време да биде и играч и регулатор. Бидејќи на 31 декември 2004 година престана ексклузивитетот или ексклузивната дискусија на македонскиот Телеком, не гледам кој му го дал

правото на некој од нив да вклучува и исклучува оператори кои, наводно, а и да е вистина работат пренос на говор преку интернет или во ВоИП.

И ова е една од моите замолници или барање кон вас. Вие господине министре можете веданш кога ќе се вратите во канцеларија или утре сабајле да го избришете членот 2 од Анексот на интернет сервис провајдерите и утре да почне пеоцесот на либерализација во нашата земја. Нам, во понеделникот, како еден од најсвечените чинови на Република Македонија е предавањето на одговорите на прашалниците, ни е прв тест колку сме подготвени да ги имплементираме. Не да ги хармонизираме законите. Законот ќе го излгасаме, ќе почне да се применува, но кога ќе се појави првиот нов оператор, тоа ги интересира граѓаните? Мислам дека, за да го направиме тоа, треба да ја искористиме препораката што на 11 февруари повторно новиот Комесар, Евро комесар за информатичко општество и медиуми го дава или препораките што постојат во Европската комисија - за да се надмине јазот помеѓу Европа и САД и Јапан во говорот, во Јапан пет милиони луѓе користат пренос на говор преку интернет, еден милион во САД, но за жал само 110.000 во Германија, 220.000 во Франција и 50.000 во Англија. Затоа Европската комисија препорачува еден, т.н. лигхт тоуцх аппроацх, еден пристап каде што можеби не е доволно регулиран, но пуштен на пазарот сервис и тоа не е нов сервис, нема врска дали вие ќе пратите имеел на интернет или ќе зборувате говорно, бидејќе е тоа, како што реков валуе Аддед сервис, тој сервис го има и веднаш можете тоа да го направите. Избришете го членот 2 од Анексите на интернет сервис провајдерите, дека не смеат да пренесуваат говор и либерализацијата ќе почне утре во Република Македонија. И, јас ви реков ќе станете од министер на месецот, ќе станете министер на годината.

Затоа, нешто што е под силен притисок на Европската комисија и препораки, нешто што е препознаено од Европската комисија и нешто што е стимулирано од Европската комисија, ние да не сакаме да го примениме. Значи цената на една минута во овој момент што некои приватни компании и лица го прават во Република Македонија , а ве уверувам и повеќе амбасади во Скопје, тоа е дека цената на една минута е два центи. Не знам зошто Владата тоа не проба да го направи само во Министерството за надворешни работи и со своите амбасади, натаму и наваму сообраќај, да разговара ВоИП да видиме колку ќе биде заштедата.

Дивидендата е една работа, но можеби загубата на компаниите и на граѓаните е малку повисока од таа дивиденда. Треба да провериме. Треба да го откриеме тој параметар. Направете проба во Министерството за надворешни работи, нека комуницираат со амбасадите низ светот на Република Македонија, нека зборуваат за исти пари еден час наспроти една минута, па да видиме дали ќе ни се исплати или не и дали ќе го стимулираме ова или не. Но, во тој случај регулаторот треба да биде цврст. Доскорашната монополска управа или сега Комисија за заштита на конкурентноста да си ја извршува својата работа и ви кажувам дека првата придобивка што граѓаните можат да ја почувствуваат од овој закон може да биде уште утре откако го избришете тоа од Анексот на интернет сервис провајдерите. Многуте граѓани на Република Македонија што имаат роднини на секаде низ светот ќе можат да разговараат многу поефтино и ќе бидат многу позадоволни, јас ви гарантирам.

Затоа, сите овие работи што ги кажав, се обидов да ги подобрам или да пополнам некои дупки што постојат во законскиот концепт, што е добар. Затоа, ќе зборувам многу кратко уште за амандманите господине претседателе, генерално.

**Љупчо Јордановски:** Ова е општа расправа, можете.

**Јани Макрадули:** Добро, благодарам.

Значи, некои амандмани се поврзани со дефинициите. Вие го имате Словенечкиот закон за електронски комуникации. Има 40 дефиниции. Вие, од тој закон имате преземено 39. 40-та , за комуникација, незнам зошто упорно не ја преземате. Но, добро, нема врска. Некои амандмани се од правно-технички корекции. Казнените одредби ќе ги препуштам на Законодавно-правната комисија иако мислам дека таму да се обрне посебно внимание. И, оние два посебни дела на кои сум сконцентриран, односно три дела, тоа се: Агенцијата, надоместоците и информатичкото општество.
Мислам дека, да не се повторувам многу, многу време потрошивме за дефинирање и регулирање на надоместоците во изминатиот период. Значи, кој ја одредува висината на надоместоците? Методологијата и висината. Дали тоа ќе биде Агенцијата или ќе биде Владата?

Немаме пречка, од Уставниот суд имаме донесено Одлука каде е јасно кажано дека ова не спаѓа и не треба да се третира како јавна давачка и да биде донесена од Собранието и мислам дека тоа треба да го направиме за брза имплементација.

Потоа, да не ве враќам сега низ историјата на одлуките, тоа е Одлука на Министерството што после се покажа дека е во ред.

Покрај тоа, на регулаторот треба да му се даде можност да ја регулира неефикасноста во наплатата, што за жал и сега е случај. Во овој момент, законската обврска што ја има донесено ова Собрание и Владата, компаниите не сакаа да ја платат и покрај тоа што има и веќе судска завршница. Тоа не плаќање не е само сега, туку е две години и затоа сум скептичен кон операторот со исклучителна пазарна моќ.

Во јавноста беше спомнато дека заради договорот за концесија никој не смее да му наметне нова давачка. Не. Во Договорот за концесија е дефинирана една фиксна сума, 250.000 марки или 150.000 евра, сега не ме држите за збор. И овие, максимум 0,5 можат да се прилагодат да биде исто. Оваа теза од еден

самонаречен експерт за телекомуникации со Машинскиот факултет сакам да ја демантирам дека не е точна. Значи, истите обврски постојат и во Договорот за концесија, но тука се дефинирани со максимум проценти или минимум проценти што потоа треба со инплементацијата да се направат.

Втората клучна тема е Агенцијата. Тоа што некои колеги го кажаа, веројатно ќе го прифатите ако не се решите за мојот концепт. Не може двајца луѓе да решаваат за избор на директор. Моежеби е тоа и техничка грешка. Но, гледјаќи од аспект на Словенечкиот, од 11 луѓе, јас препорачувам, прво, Комисијата да брои седум луѓе и за жал, заради реалноста, кажувам барем тројца од нив да бидат електроинженери. Несебично, поради професијата, туку поради реалната ситуација на теренот, а јас ќе го запознам господинот Каме Петров во оваа област, па ќе направиме експерт во следниот избор за оваа област.

Потоа, именувањето на директорот, не мислам дека поголема независност ќе се добие доколку комисија од пет члена го бира човекот на конкурс. Напротив, мислам дека поголема независност ќе се добие доколку тој човек биде избран во Собранието на предлог на Комисијата за избор и именувања. На тој начин неговиот избор ќе биде потранспарентен, бидејќи ќе го бираат 120 луѓе, тоа ќе го гледа телевизијата, опозицијата ако има ќе критикува или позицијата ако има некој предлог ќе критикува и тој начин е понезависен и потранспарентен. А и едно плус независно, бидејќи нема да зависи од Комисијата во изборот и можеби некоја политика или диктат што двајца луѓе од Комисијата, бидјеќи сега е таков законскиот предлог, можат да му го наметнат, тој ќе треба да ги послуша нив. Не и во независноста на одлуките, ќе бидат уште понезависни и плус директорот одлучува во втор степен. Не може тој да одлучува за одлуките на Комисијата во втор степен, а тие го бираат. Давајќи му третман на избор овде, во Собранието, така сме го избрале претседателот на Регулаторната комисија, така сме го избрале претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата инт. итн, значи не е ништо чудно, не е надвор од нашите законски рамки и ќе понуди, ви гарантирам, поголема независност и поголема нетранспарентност.

Мислам дека во Агенцијата фалат и некои прецизирања на надлежности, а за инженерите зборував пред малку.

Што се однесува до амандманите, ќе зборувам по амандманите, сега да не должам.

Во делот на некои мерки имам предложено скратување на роковите. Изборот на директорот, на овој начин, ќе го скрати процесот на либерализација минимум за 30 дена, како што трае конкурсот, па жалби, можеби и повеќе. Значи, 45 дена. 45 дена побрзо гарантираме дека ќе почне процесот.

Второ, мислам дека премногу месеци се дадени на усогласување на концесиските договори на постојните оператори. Мислам дека тие можат да се скратат на помал број на месеци.

Тоа што последно сакам да го кажам е што се однесува до поголемиот дел од вашето излагање, а вашата идеја да практично, надвор од Законот за организација на Органите на управата и дадете надлежност, а тоа е надлежност во областа на информатичкото општество. Тој концепт во Европа е надминат. Концептот дека тоа е работа на едно министерство е надминат. Од повеќе пракси, најсвежа е оваа од минатата недела, кога бев во посета на Владата во Лондон, е концепт што ги поврзува сите министерства. Министрите таму имаат обврска, во повеќе земји, еднаш месечно да седнат и да дискутираат за информатичкото општество и за развојот на информатичкото општество, бидејќи не е министерска работа.

**Јани Макрадули: (Продолжение)**

Второ, она што господинот Каме Петров го кажа. Тој концепт е различен од одговорите што постојат во прашалникот и што постојат во прашалникот број 19 за развојот на информатичкото општество и што нашиот претседател на Владата му го понуди и му го даде на господинот Барозо.

Изработката на националната стратегија во било која област неможе да биде плод во едно министерство. Посебно не во оваа консталација на односи како што е во Министерството за транспорт и врски, каде што за жал, фалат човечки ресурси од таа област. Фалат човечки ресурси од областа на телекомуникацијата и во услови кога согласно Законот за органите на управата има 11 надлежности и нели понекогаш и претставници од вашето Министерство знае да кажат како џубокс со 11 различни области од вода до авиони, возови, градежни дозволи и тн. и тн. Во овој момент нема, значи сосема различно од одговорите во прашалникот, сосема надвор од реалноста и трето, се уништува трудот на 31 експерт од различни области што овој момент ја понудија првата нацрт верзија на стратегијата за развој на информатичко општество и надвор од концептот што Владата на господинот Костов го има усвоено во ноември за развој на електронска влада за која што верувам добро знаете и врз база на кој што концепт усвоен од Владата се превземаат некои обврски во овој момент се работат четири проекти согласно тој концепт за услуги према граѓаните на Република Македонија.

Се покажало во свет дека изработката на националната стратегија, значи Ајнштајн, еве да не испадне дека цитирам само македонска личност. Ајнштајн рекол дека светот кој што е создаван досега има проблеми кои неможат да се решат ако се размислува на начин на кој што е мислено кога е создаван и затоа овој концепт на стратегија е неможно да се реализира доколку не се вклучат сите, пред се приватниот сектор кој е апсолутно потткован и способен да биде дел од ова, невладините организации, односно граѓаните претставени преку невладините организации бидејќи тоа е доминантната сила во надминување на јазот помеѓу институциите и граѓаните, претставници од стопанските комори, четирите

универзитети, многу државни институции и Кабинетот на претседателот и тн. и тн. Тие спротивно на концептот што ова Собрание и Декларацијата за забрзан информатички развој ова Собрание има донесено во 2002 година во претходниот мандат, со консензус на предлог од еден пратеник од позицијата и еден пратеник од опозицијата. Мојот глас за законот ќе зависи од прифаќањето или не на амандманот во член 6, што го имам понудено. Заради сите овие 30 луѓе што се влезени во целата оваа работа и заради нивниот труд од пет месеци што го вложиле и трите што преостануваат, заради тоа што се коси од одговорите на прашалникот, се коси со концептот на електронска влада, донесен од Владата, се коси со обврската што во Женева на Светскиот самит за информатичко општество ја превземавме како држава со потпис на покојниот претседател Трајаковски, инаку голем поддржувач на развојот на информатичкото општество во нашата земја и затоа мислам дека треба да размислите за тој амандман. Останаа амандманите што овие денови цирклулираат меѓу Владата и Собранието во последен момент од донесувањето на законот.

Мислам дека треба Владата да размисли дефинитивно, за последниот амандман што е денеска дојден кој е невалиден, бидејќи членовите на Комисијата ние ги избравме во Собранието и е безпредметен тој амандман, но јас не се согласувам со амандманот што е даден на член 144, став 7, каде што почетотот на сите постапки, одобренија и уверенија што се дадени до почетокот на овој закон треба да се регулираат по стариот закон. Ништо не сме направиле така. Плус вие сте додале еден збор, а тоа е зборот “концесија”, што фали во првиот предлог. Се сомневам дека е тоа случано.

Затоа, ја повикувам Владата да го повлече овој последен амандман, бидејќи ќе отвори Пандорина кутија, што е тоа што е почнато, кој ќе каже која постапка е почната, или кое одобрение е почнато да се работи. Покрај тоа, има уште еден амандман што стигна во понеделникот, што исто мислам дека е неразумно во однос на малите и ситни бенефиции на граѓаните на Република Македонија.

Имено, согласно законската одредба, во законот што постои, без тој амандман, доколку некој граѓанин има спорна сметка, дури не заврши процесот, значи тука Телеком операторите нема да загубат ништо, туку дури не заврши процесот, тој треба да плати просек од трите последни сметки. И Телеком операторите не смеат да го исклучат. Тоа е толку една ситна, мала работа што можеме да ја направиме спрема граѓаните, што незнам од кои причини тој амандман се појави во понеделникот и мислам дека, најмалку како гест на оние што не бираат и чии претставници и интереси треба да ги застапуваме, граѓаните на Република Македонија, тој амандман треба да го повлечете, односно Владата треба да го повлече.

Затоа, на крајот, господине министре, и Влада, доколку сакате навистина, овој процес на либерализација да почне, дајте им ја дозволата на пример на Космофон за интернет сервис провајдер уште денеска, не гледам причина, ако сакате да го симулирате интернетот, незнам зошто тоа не го направите, избришете им го анексот 2, забрането да пренесуваат говор на интернет на сервис провајдерите и утре за исти пари ќе зборуваме еден час, наместо една минута и ќе му дадеме сигнал, знак, на Европската Унија и на другите заинтересирани дека сакаме прво да ги следиме светските трендови, сакаме да работиме во интерес на граѓаните и се бориме и за побрз интернет и за

задоволни граѓани во новото информатичко општество. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Макрадули.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Министерството за транспорт и врски, денеска на дневен ред го имаме Законот за електронски комуникации, долго очекуван закон, кој што има навистина, големо значење во областа на електронските комуникации, а тоа е намерата за реализација на пазарот на електронски услуги кој претставува клучна точка во развојот на информатичкото општество.

Целосната либерализација на пазарот, има намера да предизвика и значителен развој на информатичкото општество и во таа насока, навистина, ја поздравуваме оваа иницијатива, меѓутоа, треба да кажеме и некои работи, а тоа е зошто не се согласуваме со овој закон, односно со некои членови од Законот за електронски комуникации.

Во текстот на законот има навистина сериозни недоречености и недостатоци, а особено во поглед на некоегзистентноста со директивите на Европската Унија, потоа со непрецизност и недоследност, со нарушувањето на поставените права и обврски на учесниците на пазарот и оневозможување на развојот и подобрување на условите на пазарот. Може исто така, да се воочи дека постојат голем број недоречености во поглед на критериумите и начинот на имплементацијата.

Само како пример можам да наведам, а тоа е интерконекцијата, каде што не се прецизно утврдени роковите од универзалната услуга, каде не е предвидено според каква методологија ќе се утврдува висината на придонесите од операторите и исто така, операторот со значителна пазарна моќ, каде не се доследно утврдени критериумите за проценка на конкурентноста и доминацијата.

Исто така, и овластувањата на Агенцијата се премногу големи и тоа не само што не е во согласност, туку и директно ги крши правилата на Европската Унија. Оваа Агенција како регулаторно тело треба да има можност да ги спроведува своите одлуки, но во исто време, сепак во интерес

на правичност треба да се пропишат и соодветни правила, за да се обезбеди објективност и транспарентност во работата.

Одлуките и актите кои што ќе ги донесува оваа Агенција не секогаш е предвидено дека треба да бидат цврсти, објективни  и транспарентни и дека засегнатите страни треба да имаат можност да се произнесат пред нивното донесување.

Исто така, во поглед на промовирањето на развојот на информатичкото општество, сериозна е забелешката што немаат никаков обид да се подржи или олесни стекнувањето на правата поврзани со изградба на инфраструктурата.

Предложениот текст на законот, меѓу другото упатува на хармонизирање на постојните договори за концесија, кои што се склучени по пат на тендерски постапки со утврдени правила на игра и што е најважно со обострана согласност на страните и прифаќање на условите.

Со овој закон, Владата упатува на измена на овие договори, а тоа е во спротивност со законската основа за склучување на концесиските договори, како и со самите договори за концесија во кои децидно стои дека одредбите од договорите можат да бидат променети само по пат на взаемно прифаќање на двете страни. Бидејќи е овој општ дел на општа расправа по повод овој закон, јас навистина сакам да ги запрашам претставниците на Министерството за транспорт и врски, затоа што ние имавме многу успешна седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија, каде што беа поканети сите странки во процесот на имплементација на овој закон, меѓутоа, сеуште Министерството за транспор и врски не одговори поради што овој закон треба да се донесе по скратена постапка, затоа што според програмата што ја имаме добиено се кажува дека по Предлогот за донесување на закон за скратена постапка децидно е наведено дека законот е обемен и сложен, меѓутоа, бараме да се донесе во скратена постапка и да биде ставен на дневен ред на седница на Собранието, најдоцна до 12 февруари 2005 година. Сите овие работи, целата дискусија по овој Предлог-закон, целата работа на сите заинтересирани страни на овој закон требаше да се изврши пред една година, односно во 2004 година. Задоцнето е скоро една година, можеби и повеќе и кога веќе сите рокови се поминати, јас ќе запрашам зошто овој закон да не го донесеме во редовна постапка и навистина како Собрание да донесеме закон кој што ќе биде во функција и на граѓаните, меѓутоа и на сите чинители, кои што ќе работат на спроведување на овој закон, затоа што ако еден обемен и сложен закон се донесе во една скратена постапка, како што сега одиме, а од друга страна имаме преку стотина амандмани поднесени од Собранието, бидејќи ние почнавме уште од завчера со оваа седница и секојдневно добиваме од Владата нови амандмани на овој закон, едноставно, се поставува прашањето дали и самата Влада знае, односно изгледа дека навистина овој закон треба да се донесе во една нормална постапка, значи во неколку фази, или пак овде да ни се каже јасно, како што реков и на самата Комисија за транспорт и врски, дека едноставно треба да се донесе, па ако се согласуваме со овој закон во ред, ако не се согласуваме потоа ќе видиме, односно ќе донесуваме измени и дополнувања на законот што ќе го донесеме сега, односно Законот за електронски комуникации.

Така да, бидејќи е општ претрес, јас навистина, сакам да го слушнам мислењето од Министерството за транспорт и врски, зошто се брза со донесување на овој закон и мораме да го донесеме дали денес или утре. Поготово, што сакам да повторам дека има едно расположение дека овој закон навистина содржи членови кои што можат со доработка, со вметнување  на нови членови, или бришење на нови членови, со една доработка на Законот, навистина, да се донесе закон кој што ќе биде во интерес, како на граѓаните, меѓутоа, во интерес и на сите чинители кои што ќе функционираат според овој закон. Така да, јас повторно ќе земам учество и за амандманите и по Предлог-законот, меѓутоа, навистина сега сакам, како што имаше и други истакнувања да предложам овој закон да оди во две фази за донесување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, апсолутно сто посто се согласувам со колегата Јани Макрадули, да не речам 103% како што рече еден пратеник од поранешниот состав. Апсолутно, со овие ставови се согласувам и голем дел од амандманите ќе ги поддржам. Неговото обемно образложување околу Законот ја скрати мојата дискусија.

Ќе се задржам за некои работи кои што сакам да ги потенцирам, или работи што не беа кажани. Сакам да потенцирам дека ние како Собрание, а особено Владата треба да се научи да работи во рокови, однапред зададени и да почитуван спогодби кои што се ратификувани, или кои што се на сила. Така да спогодбата за стабилизација и асоцијација која што стапи на сила од 1 април 2004 година е една голема обврска за Република Македонија, за Владата, за Собранието и за сите нас. Така да донесувањето на законите во одредени рокови е обврска и на двете важни институции на државата, Владата и Собранието.

Со таа спогодба, токму во овој закон за електронски комуникации е укинувањето на посебните или ексклузивните права на јавните претпријатија и на претпријатијата со вакви права. Тоа се однесува и за овој закон за електронски комуникации и за други монополи во државата кои што со предлог закон понатаму треба да се укинат.

Ќе се навратам малку station наназад како течеше процесот на либерализација на електронските комуникации во Република Македонија. Кога беше носен законот 1996-1998, целта на законот беше либерализација на електронските комуникации, која што беше обврска од Европската Унија и

нашиот пат кон евроинтеграциите. Тој закон предвидуваше либерализција на пазарот, меѓутоа, Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА донесе еден срамен договор и јас би го рекла, предавнички договор за интересите, пред се, на граѓаните на Република Македонија и нивниот џеб, кој што донесе можеби повеќе вид на услуги, меѓутоа многу скапи услуги од кои што граѓаните не се задоволни. И со тој закон си обезбеди монополска позиција Македонски телекомуникации. И уште да трае подолго некои силни лобирања во меѓувреме од кога законот е доставен до Собранието што подолго да се продолжи тој рок на монопол на единствените оператори во државата.

Така да оваа ситуација не треба повеќе да се толерира и апсолутно, во зависност од решенијата на Владата и прифаќањето на амандманите ќе зависи гласањето во Собранието, меѓутоа, законот треба што побрзо да се донесе, затоа што многу рокови се надминати.

**Лилјана Ивановска**: (продолжение)

Пратеничката група на Либерално демократската партија во 2004 година одржа две прес конференции и тоа насочни пред се во правец кон монополот што го имаат Македонски телекомуникации на македонскиот пазар и подготовка за либерализација, од 01 јануари новите оператори во фиксната и мобилната телефонија, да стапат во функција. Токму тоа беа предупредувањата на пратеничката група на ЛДП да се подготват законски решенија, под законски акти, до крајот на 2004 година. Меѓутоа, очигледно Министерството за транспорт и врски, или го немше капацитеот, или волја тоа да го направи, или пак силните лобирања од монополот во Република Македонија кои беа посилни од желбата. Тоа е околу задоцнувањето.

Околу решенијата во законот, апсолутно се согласувам со обезбедување на едно независно регулаторно тело, а тоа е Агенцијата и обезбедување на силни позиции на таа Агенција затоа што такви решенија во многу области постојат каде регулаторните тела ги назначува или Владата или Собранието. Така што, политичкото влијание тука не е спорно, туку се спорни надлежностите и механизмите кои со законските решенија ќе бидат дадени, тоа регулаторно тело навистина да биде регулаторно и да биде во функција и на граѓаните и во функција на расчистување на односите помеѓу операторите, како што рече колегата Макрадули, во одредени ситуации дури треба да биде судија и медијатор во однос на одредени односи помеѓу операторите.

Исто така сакам да кажам дека во изминатите расправи кога беа измените на законот за Телекомуникации каде напоменувавме дека и Законот за радиодифузија требаше да биде донесен заедно со Законот за електонски комуникации затоа што постои тесна поврзаност околу радиодифузните друштва. Така што, доколку денес ги имавме овие две решенија мислам дека оваа сфера целосно ќе биде регулирана. Меѓутоа, се надевам дека законот за радиодифузија обавезно ќе го видиме во Собрание каде некои дилеми ќе бидат разрешени, пред се мислам на решението за надоместокот каде што јас имам амандман и Комисијата за транспорт и врски,во делот на регулирање на локалните јавни дифузни друштва, за ослободувањето од плаќање на надоместок.Образложението од Владата поточно од Министерството беше дека тие со Законот за радиодифузија ќе престанат да постојат. Не може Министерството да прејудицира решение дали тие ќе постојат и во каква форма ќе постојат или нема да постојат. Затоа сметам дека локалните радиодифузни друштва за ослободување од надоместок треба да постојат со Законот, а начинот на решавање на тие локални радиодифузни друштва, затоа што се од јавен интерес пак на локално ниво и во интерес на децентрализацијата, сметам дека не е баш така мал проблем.

Дека овој закон е многу важен за многу учесници на пазарот го покажа големиот интерес во работата на Комисијата за транспорт и врски која работеше два дена, каде беа присутни сите вклучени страни во оваа област, операторите, монополската управа, асоцијација на приватни електронски медиуми, Советот за Радиодифузија, Управата за телекомуникации кои поднесоа многу амандмани. Дел од амандманите беа прифатени, на пример за Управата за концесирани информации што со Законот за концесирани информации кој го донесовме и што сега се предлагаат како амандмани кои повереникот ги прифати. Така што сметам дека сите овие амандмани се во функција на подобрување на текстот на законот и негово ставање во функција. Меѓутоа има доста амандмани кои нудат некои други решенија за што сметам дека Владата треба сериозно да размисли во амандманската расправа, дали да ги прифати или да не ги прифати, особено обезбедувањето на независната и силна функција на Агенцијата, како регулаторно тело. Сметам дека Парламентот треба да ја поддржи идејата за такво независно тело затоа што во Република Македонија после регулаторната комисија за енергетика која се воспостави како независно регулаторно тело, имаме процес во кој прв пат во историјата на Република Македонија Владата се откажува од надлежности. Тоа досега сме го немале. Секогаш Владата сакала да акумулира моќ. Сега Владата се откажува од надлежности и нормално е сега тука да има конфликт на интереси. Меѓутоа еден позитивен процес во демократизација на односите во Република Македонија и во Либерализација, ако сакате, на пазарот. Така што овој процес треба да го поддржи парламентот.

На крајот сакам да кажам дека пратеничката група на ЛДП, во зависност од текстот на Законот, на крај доколку сите овие забелешки и ставови бидат содржани во текстот, ќе го подржи Законот за електронски комуникации.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам, госпоѓа Ивановска,

Повелете господине Тромбев имате збор.

**Томе Тромбев:** Благодарам, господине претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред конечно го имаме Законот за електронски комуникации, Закон кој веќе подолго време го очекувавме да дојде до Парламентот за да може да дебатираме и во крајна линија да го донесеме, закон кој регулира една многу заначајна сфера во живеењето на една држава и можам слободно да кажам дека тој претставува нервен систем на една држава, го регулира нервниот систем на една држава.

Тука беше кажано и од страна на министерот дека овој закон го носиме заради одредени обврски кои Република Македонија ги има напрвено во претходнио тпериод, а тука се нашите обврски, согласно договорот со СТО и обврската да го лилбераллизираме пазарот на телекомуникациски услуги, а исто така и согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација и членот 95 кој ја регулира инфраструктурата на електронски комуникации.

Ние во понеделникот ги предадовме одговорите и на прашалникот во кој во Поглавјето 19 - телекомуникации и информатичко општество се содржани одговорите од ова поглавје и каде што е навестен и овој закон. Меѓутоа, во причините и потребата за донесување не слушнав па во мојата дискусија би нагласил дека тука е и постоечкиот Закон за телекомуникации. Имено во посточкиот закон за телекомуникации, експлицитно беше наведен рок од 31.12.2004 година во кој на тогашниот Телеком му беше дадено ексклузивно право за давање на унниверзални услуги на територијата на Република Македонија. Бидејќи тој рок помина и потребно е да се либерализира пазарот на фиксната телефонија, потребна е и промена на самиот закон. Потенцирам фиксната телефонија, бидејќи, да не се лажеме дека либерализација во Република Македонија во областа на телеком услугите имаше и во 1998 година, Законот е направен во 1996 година. Меѓутоа во 1998 година имаше измени и дополнување на самиот закон со кој беа имплементирани дел од тогашните директиви со кој се либерализираше пазарот, меѓутоа, на мобилната телефонија, на преносот на податоци и на интернет услугите, што значи дека во оваа прилика ние не можеме да зборуваме за анблок либерализација на целата област на телеком услугите во Република Македонија, туку зборуваме за либерализација на фиксната телефонија.

Овој закон, со самото тоа што правиме либерализација, значи воведуваме и конкуренција. Конкуренцијата од друга страна значи поголем број оператори, меѓутоа и за корисниците значи подобри услуги и од друга страна и поефтини услуги.

Ние на пртходната седница имавме еден закон даден од страна на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ кој беше насловен како закон за телекомуникации во кој и тогаш кажавме, од 146 постоечки членови во тој закон, 76 члена беа препишани од стариот закон за телекомуникации. Што значи и тогаш кажавме дека треба сосема нов закон кој го работи Владата, кој закон треба да биде квалитативен пресврт во оваа проблематика, во проблематиката на елекронските комуникации кој е одомаќинет во Европската регулатива, еве и ние денес овој израз го добиваме. Тоа не е само јазична терминологија туку е многу посуштински, бидејќи уредува една многу поголема облат во општественото живеење.

Во текстот на овој закон имплементирани се директивите на ЕУ и тоа имплементирани се и директивите, пакетот директиви од 1998 година, меѓутоа имплементирани се и дел од директивите од 2002 година. Не можете да ги имплементирате директивите од 2002 година доколку не ги имплементирате директивите од 1998 година, бидејќи тие директиви, тој паќет на директиви предвидува регулирање и преминување од монополска позиција, каква што моментална е во Република Македонија во фиксната телефонија, во конкурентни услови на работење, додека паќетот на директиви од 2002 година е еден паќет кој предвидува дерегулација во одредени области. Така што мислам дека во случајов со овој закон, успешно се направени сите имплементирања на тие директиви. Сметам дека е направен релативно добар закон, секогаш може да се најдат забелешки на било кое законско решение, меѓутоа, генерално гледано, сметам дека законското решение е добро со тоа што во крајниот дел, особено во казнените одредби, по мое лично мислење, го кажав тоа и на седницата на Комисијата, има една аномалија бидејќи казните, предвидено е да бидат во процентуален износ кое што не е во согласност со Законот за прекшоци на Република Македонија. Има една одредба во која се повикува дека овие законски одредби ќе почнат да се применуваат во моментот кога ќе се донесе новиот закон за прекршоци. Додека не се донесе тој закон, оставен е вакум простор. Едноставно казнени одредби нема да има, нема да има санкции. Тогаш не знам како државата ќе го спроведува овој закон на терен.

Претседателе, јас толку би имал во оваа прилика. Ќе го поддржам законот, а ќе си земам право во текстот да зборувам, со оглед на големиот број на амандмани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање по заклучокот ги молам пратениците да влезат во салата, ако воопшто се тука.

Очигледно пратениците се по свои активности, немаме кворум за гласање.

Продолжуваме утре во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот).